ООУ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
С.МИЛАДИНОВЦИ

# САМОЕВАЛУАЦИЈА 2026 - 2028 ГОДИНА



ЈУЛИ, 2026

# Вовед во самоевалуацијата на училиштето

Извештајот е изготвен врз основа на член 129 од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Северна Македонија, бр.161 од 5.8.2019 год.)и новите индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН, ДПИ и МЦМС.

Самоевалуацијата на училиштето претставува систематско и континуирано следење, анализа и вреднување на постигнатото со цел да се унапреди и обезбеди квалитет во работата на училиштето. Самоевалуацијата на училиштето се стреми кон тоа да одговори на три клучни прашања:

Кои се добрите страни во работата на нашето училиште?
Како ги знаеме тие информации?
Што може да се превземе за да бидеме подобри?

Објективни и релевантни податоци како и реални увиди во функционирањето на училиштето може да дадат одговор на овие прашања.

**Цели на самоевалуацијата:**

Ефикасно и ефективно раководење на Директорот со училиштето.
Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
Обезбедување поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето
Постигнување на подобри резултати со превземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење.
Детектирање и надминување на слабите страни со кои се соочува училиштето.
Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

# ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

## ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА


ТИМ
ФОРМИРАЊЕ ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА
ПРИМЕНА НА СООДВЕТНИ ИНДИКАТОРИ,МЕТОДИ И ИНСТРУМЕНТИ
ПРИМЕНА
ПОДАТОЦИ
СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА УЧИЛИШТЕТО
АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА
АНАЛИЗА
ИЗВЕШТАЈ
ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА
ИЗРАБОТКА НА УЧИЛИШЕН РАЗВОЕН ПЛАН
ПЛАН

**ФОРМИРАЊЕ НА ТИМОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Со одлука заведена под арх. 02-7/11 од 18.6.2026 година на Училишен одбор се формира комисија за самоевалуација во состав на:

- Татјана Насевска – Додевска , психолог - ментор
- Александра Стоевска, предметен наставник
- Драгица Апостоловска , одд.наставник
- Радица Блажевска, одд.наставник претставник од ПООУ Текија
- Нинослава Жарковиќ Николиќ, претседател на Училишен одбор, родител

Во секое подрачје, тимовите работеа според однапред утврдени индикатори за мерење на квалитетот на работата на училиштето. Како извори на податоци се користеа интервјуа, анкети за ученици, родители и наставници, фокус групи, преглед на педагошка евиденција и документација, анализа на документи и разговори. Околу 90% од вработените во училиштето беа вклучени во процесот на самоевалуација.

Самоевалуацијата се спроведе во периодот Мај - Јули, 2026 година.

При изработката на самоевалуацијата се користеше „Водич за самоевалуација на училиштето“.

На вработените во училиштето им беше објаснета целта и процесот на самоевалуација.

При обработката на добиените податоците тимовите ги применуваат оние статистички методи за кои имаат соодветни методолошки знаења.

Анализата ќе биде пообјективна и пореална доколку она што се вреднува се согледа од различни агли, што се постигнува со примена на различни техники и инструменти и со вкрстување на податоците добиени од нив.

При обработката и прикажувањето на податоците треба да се води сметка истите да бидат јасни, разбирливи, да не се контрадикторни или да се исклучуваат едни со други.

## ПОДРАЧЈА НА ВРЕДНУВАЊЕ, ИНДИКАТОРИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

| **Ред. бр.** | **Подрачје** | **Координатор** | **Членови** |
|---|---|---|---|
| 1. | ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | Марија Митрева | Билјана Смилевска<br>Милена Сарафимовска<br>Ватко Најдовски<br>Сузана Крстева<br>Анкица Димитриевска<br>Јелена Савова |
| 2. | ПОСТИГАЊА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ | Фросина Кузева | Димка Божинова Ѓорѓиевска<br>Елизабета Радевска<br>Дејан Димитријевиќ<br>Јаким Ристовски<br>Билјана Таниќ<br>Лидија Николовска |
| 3. | УЧИЛИШНА КЛИМА | Андриана Митевска | Мариана Бошковска<br>Елена Карагунова<br>Јованка Грозданоска<br>Ана Симовска<br>Марко Симиќ<br>Мерима Тушевска<br>Марија Зоксимовска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ | Габриела Младеновска | Габи Николовска<br>Сунчица Митровска<br>Ленче Крстевска<br>Сандра Мартиновска<br>Радица Блажевска<br>Марина Петкова |

**Координатори на тимовите:**

Психолог - ментор: Татјана Н.Додевска

Наставник по англиски јазик – ментор : Емилија Стојановска

Педагог: Кристина Ѓоргиевска

# Подрачје 1 : Планирање, настава и учење

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **1.1 Планирања на наставниците**<br><br>**1.2 Наставен процес**<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>**1.5 Вонваставни активности и натпревари** |

Подрачје 1 : Планирање , настава и учење

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Наставни планови и програми донесени од МОН<br><br>Планирања на наставниците<br><br>Годишна програма на училиштето<br><br>Прашалници од наставници<br><br>Интервју со директор и стручна служба<br><br>Фокус група- наставници<br><br>Извештај од стручни активи | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>За успешна реализација на воспитно-образовниот процес неопходни се квалитетни планирања од страна на сите наставници, како и нивно имплементирање во процесот на наставата.<br><br>Наставниците најчесто тимски ги изготвуваат годишните глобални планирања, планирањата за дополнителна и додатна настава на ниво на стручни активи, планирањата се доставуваат на увид кај стручната служба која ги проверува и повратно ги информира и потоа доставува информација до директорот на училиштето.<br><br>Прашалникот за наставниците со тврдењето: **Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети,** од вкупно 30 наставници, 21 (70%) од наставниците целосно се согласуваат 5 (16,7%) од наставниците се согласуваат и 4 (13,3%) не се согласуваат.<br><br>На прашањето до фокус-групата на наставници -**Како вообичаено се одвива процесот на планирање на наставата во училиштето? ,** одговорија дека планирањето на наставата се одвива согласно наставните програми и годишниот план за работа на училиштето. На почетокот на учебната година се изработуваат годишни и тематски планирања, а потоа и месечни и дневни подготовки. Најчесто планирањето е индивидуално, но редовно се спроведува и консултација со колегите во рамките на стручниот актив. Заедничките состаноци овозможуваат усогласување на содржините, размена на идеи и примери на добра практика, како и подобрување на квалитетот на наставниот процес. Средбите за размена на искуства и материјали се одржуваат континуирано во текот на учебната година. При планирање на ИОП , процесот започнува со проценка на потребите и |

| | | |
|---|---|---|
| Извештаи од стручен соработник за следење на планирањата на наставниците<br><br>Документи:<br><br>Наставни планови и програми донесени од МОН<br><br>Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование<br><br>[standardi-USVOENI.pdf (mon.gov.mk)] | | можностите на ученикот, во соработка со стручната служба, родителите и, кога е потребно, надворешни стручни лица. Потоа се дефинираат конкретни цели, активности, методи и начини на следење на напредокот. Најчести предизвици се: Прилагодување на наставните содржини на индивидуалните потреби на ученикот; Недостаток на време за подготовка на диференцирани активности.<br><br>Обезбедување соодветни наставни материјали; Овие предизвици ги надминуваме преку тимска соработка, редовни консултации со стручната служба, користење адаптирани наставни материјали и континуирано следење и ревидирање на поставените цели во ИОП. На тој начин се обезбедува подобра поддршка и напредок на ученикот.<br><br>Тоа го правиме преку заедничка соработка.<br><br>На прашањата од интервјуто на директорот-**Каков е процесот на планирање и следење на планирањата на наставниците? а. Како вообичаено наставниците ги подготвуваат планирањата на наставата? (индивидуално, стручни активи, регионални/меѓународни искуства)** директорот одговори дека планирањата се изработуваат со индивидуална и тимска подготовка во рамки на стручните активи со користење на современи искуства, а планирањата редовно ги следи стручната служба и директорот,се дава континуирана поддршка преку насоки и консултации.Проверка вршат инспектори од ДПИ, советници од МОН и стручните служби од училиштето.<br><br>Најмалку двапати годишно се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба. Следење на наставниот процес се врши континуирано и на различни нивоа. Во текот на првото и второто полугодие, од страна на училишниот психологот, педагогот и директорот реализирани се посети на часови кај сите наставници. За посетата на часот се користи образец за следење на час, а после посетата се води разговор со наставникот за констатираните состојби од увидот на час. Ефектите се видливи преку поквалитетна,поорганизирана и поефикасна настава.<br><br>На прашањата од интервјуто на директорот-**а.Кој ги следи планирањата? Колку често? б.Како се дава поддршка за подобрување? в.Според Вас, какви се ефектите од овој** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **процес во наставата?,** директорот одговори дека планирањата редовно ги следат заедно со стручната служба и дека подршка се дава преку стручни совети и поттикнување и мотивирање за следење на нови наставни техники и методи. Наставникот-ментор исто така ги следи планирањата на наставниците приправници со тоа што им оди во посета на часови согласно програмата за менторство, им се укажува на наставниците што може да сменат или додадат во реализирањата на планирањата, ефектот е голем, бидејќи им се дава на наставниците поголема мотивација за подобро усовршување за да можат во иднина да сменат нешто. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анализата на прашалниците за наставници,во делот кој се однесуваше на поддршка и следење на планирањата на наставниците се добија следните податоци:<br><br>На тврдењето:**Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието.** Од вкупниот број на наставници 30, 27 (90%) одговориле дека целосно се согласуваат,а 3 (10%) се согласуваат со тврдењето дека директорот и стручната служба ги следат планирањата на наставниците двапати во полугодието.<br><br>Како составен дел во планирање на наставата е и процесот на професионален развој на наставниците за примена на современи методи и техники.<br><br>Од анкетираните 30 наставници, на прашањето: **Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата?** Целосно се согласуваат 22 (73,3%) од наставниците ,а се согласуваат 6 (20%) и само 2 (6,7%) не се согласуваат со ова тврдење. Генерално скоро сите наставници одговориле дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники за планирање на наставата.<br><br>Од анализа на одговорите на прашањата со **фокус- групата** со наставници е констатирано дека во изминатите две години имале можност да учествуваат на повеќе стручни обуки организирани од училиштето, како и на обуки организирани од надворешни институции и проекти во кои училиштето било вклучено. Во просек се посетуваат неколку обуки годишно, во зависност од понудата и потребите на училиштето и наставниците. Обуките опфаќале различни теми, како што се: Современи наставни методи и стратегии, Формативно и сумативно оценување, Инклузивно образование, работа со ученици со посебни образовни потреби, вештачка интелегенција во наставата, свесност и социо-емоционално учење во училиштето, забава и игри во наставата, развивање критичко мислење кај учениците,вовед во Википедија,развивање вештини за наставниците во 21-от век, медиација во училница за странски јазик, експериментални игри кои го мотивираат, посредуваат и негуваат учењето и заштита на правата на децата .Стекнатите знаења и вештини редовно се споделуваат со колегите преку дисеминации на наставнички совети, состаноци на стручни активи, работилници, менторска поддршка и неформални разговори. На тој начин се овозможува поширока примена на новите практики и подобрување на квалитетот на наставата. Учесниците на обуките најчесто се определуваат според: |

| | | |
|---|---|---|
| | | Годишниот план за професионален развој на училиштето или потребите на наставниците и стручните служби.<br><br>Од анализа на одговорите на прашањата од интервјуто со директорот и стручните соработници, е констатирано дека Професионалниот развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата се одвива систематски и континуирано, со фокус на усовршување на вештините за примена на современи методи и техники во планирањето и реализацијата на наставата. Овој процес започнува со детална анализа и самоевалуација на потребите на наставниот кадар, по што се изготвува Годишен план за професионален развој на ниво на училиште. Процесот се одвива преку континуирани обуки, семинари, интерни работилници и размена на искуства, при што училиштето обезбедува организирани и акредитирани обуки, а стекнатите знаења редовно се дисеминираат меѓу наставниците и стручните соработници преку интерни состаноци и презентации. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | **Размена на искуства и информации при планирањето** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Размената на искуства при планирањата се обезбедува преку стручните активи, стручната служба, дискусија на наставнички совети и насоки од советници од БРО.<br><br>Наставниците разменуваат искуства и реализираат одредени наставни содржини во корелација со различни наставни предмети, со што се овозможува стекнување повисоко ниво на знаење, способности и вештини кај учениците. На тој начин се обезбедува поквалитетна настава и поголеми резултати од работењето. Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час и истата ја доставуваат до стручната служба и директорот. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата,очекуваните исходи од учењето,како и наставните методи и форми на работа, техники на поучување кои ќе се применуваат при реализацијата на наставната содржина, наставните средства и другите ресурси. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува формативното и сумативното оценување. Информациите добиени од оценувањето,наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.<br><br>Целосна поддршка и неопходна помош при изработка на планирањата, како и при |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализација на наставата, добиваат и наставниците-приправници од страна на стручната служба и наставниците – ментори.<br><br>Од анализата на одговорите од прашалниците за наставници, во делот кој се однесуваше на размена на искуства и информации при планирањето се добија следните податоци: На тврдењето **Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието,** од вкупно 30 наставници, 24 (80%) одговориле дека целосно се согласуваат, 5 (16,7%) од наставниците одговориле дека се согласуваат, а 1 наставник (13,3 %) не се согласува.<br><br>Со фокус групата со наставници е констатирано дека секогаш наставниците ги изработуваат своите планирања во консултации со стручните активи, каде разменуваат искуства и материјали, како за годишните планирања, така и за оперативните планирања на часовите. Обврските се однапред договорени и секој го сработува својот дел. Постои соработка помеѓу колегите, оние кои се поискусни го споделуваат стекнатото знаење со останатите.<br><br>Меѓусебно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на дигитални алатки, консултирање со колеги од други стручни активи и други училишта, како и преку соработка со стручните служби кои секогаш се во тек со новонастанати промени, техники и дидактички ресурси. Планирањата на добар дел од наставниците се подобрени како резултат на размена на искуство помеѓу нив самите и наставници од другите училишта. Во изработката на ИОП учествуваат стручната служба и наставниците кои предаваат во одделението.<br><br>Анализата на одговорите на прашањата од интервјуто со директорот и стручните соработници покажа дека планирањата се изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети со поддршка на стручната служба и директорот. Во училиштето има формирано тим за инклузија, ,редовно организираат состаноци со кои се разгледува успехот и напредокот на ученикот кој е според ИОП, некогаш наидуваат на големи предизвици бидејќи со децата кои се според ИОП е потешко за работа зависно од степенот на попреченоста.Нашето училиште редовно се консултира со надлежниот ресурсен центар и бара поддршка за учениците со ПОП. Кај оние ученици кои имаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | мислење и проценка од МКФ дека е потребен образовен асистент, истиот е доделен од ОУРЦ „Иднина“ кој му помага полесно да го совлада наставниот материјал согласно ИОП.<br><br>Од извештајот за работата на стручните активи(одделенска, општествено-јазична и природно-математичка) може да се заклучи дека стручните активи активно работат во текот на целата учебна година од септември до јуни. Во овој временски период се планираат и реализираат по три состаноци на членовите на стручните активи, по потреба и почесто, и тоа во септември, јануари и јуни. Целта на овие состаноци е да се споделат сознанијата од посетените нагледни часови и презентации, како и да се донесат заклучоци околку силните и слабите страни на наставниците и нивната работа. Се разменуваат искуства и сугестии и за унапредување на наставата и компетенциите на наставниците. После секој одржан час или презентација се пишува извештај од каде се црпат информациите за состаноците и препораките. На нагледните часови и презентации се споделуваат добри практики, техники и современи методи на работа во наставата. |

| **Индикатор1.2 Наставен процес** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>распоред на часови; | **Реализација на наставни Планови и програми** | **МНОГУ ДОБРО**<br>За оваа тема од Индикаторот **Наставен процес** се добија информации од повеќе извори на податоци.<br>Од анкетираните 85 родители, на првото тврдење **Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови согласно распоредот**, 77 родители (91,7%) одговориле дека целосно се согласуваат, а 7 родители (8,3%) одговориле дека се согласуваат, еден родител не одговорил на прашањето.<br>При увид во електронската евиденција, Е-дневник е констатирано дека наставата во предметна и одделенска настава, по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем, според пропишаниот распоред на часови.<br><br>Од анализа на одговорите на прашањето на фокус групата на наставниците кое се однесува на ова тема: **Како се справуава училиштето во отсуство на наставен кадар?,** наставниците одговориле дека секогаш кога постои отсутен наставник, се прави замена со |

| | | |
|---|---|---|
| е-дневник;<br><br>педагошка евиденција и документација;<br><br>списоци и извештаи од реализирани обуки; | | друг соодветен наставник.<br><br>На истото прашање**: Како во училиштето се одвива наставата во случај на отсуство на наставник,** од интервјуто со директорот и стручната служба се доби одговор дека никогаш нема прекин на наставата кога има отсутен наставник, Се заменува наставникот со ист предметен наставник доколку има можност или отсутниот наставникот го заменува педагогот на училиштето, за наставата да се одвива непречено. Исто се прави и промена на распоред на часовите.<br><br>Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, секој наставник наставата ја изведува според одобрената програма. Наставниците можат да влијаат врз начинот на реализација на наставните програми преку креативен пристап, со добро подготвено и осмислено сценарио. |
| записници од состаноци на стручни активи;<br><br>анкети со наставници; ученици, родители;<br><br>дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; | **Избор на наставни предмети** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>За оваа тема од Индикаторот **Наставен процес** се добија информации од повеќе извори на податоци: прашалници, за родители и ученици, фокус групи со наставници, родители и ученици, извештај од направеното интервју со директорот и стручната служба, и беше разгледана документацијата за избор на наставни предмети.<br><br>Од анкетираните 85 родители, на тврдењето: **Запознаен/а сум со со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности**, најголем дел од родителите 69 (83,1%) одговориле дека целосно се согласуваат, 12 родители (14,5%), одговориле дека се согласуваат со листата на изборни предмети што ги нуди училиштето,а 2 родители(2,4%), не се согласуваат со тврдењето и двајца родители не одговориле на прашањето.<br><br>На тврдењето : **Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси**, од вкупно 85 анкетирани родители, 64 родители (76,2%) целосно се согласуваат дека е така, 11 родители(13,1%) се согласуваат, 7 родители (8,3%) одговориле дека не се согласуваат дека изборните предмети кои ги посетуваат нивните деца ги избрале согласно нивните интереси,1 родител (1,2%) целосно не се согласуваат и 1 родител (1,2%) се изјаснил дека не знае, односно нема информација дека е така и 1 родител не одговорил на прашањето.<br>Од анкетираните 52 ученици на тврдењето: **Сам/а ги имам избрано слободните изборни** |

| | | |
|---|---|---|
| интервјуа со директорот, стручните соработници;<br><br>извештаи од посети на наставни часови;<br><br>решенија за инклузивен тим на училиштето;<br><br>изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;<br><br>записници од состаноци на | | **активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси**, повеќе од половината ученици 35 (67,3%) одговориле дека се согласуваат дека е така, 7 (9,6%) ученици се согласуваат со тврдењето, а 5 ученици (9,6%) одговориле дека не се согласуваат со тврдењето,4 ученици т.е (7%) воопшто не се согласуваат и 1 ученик (1,9%) не знаат,немаат информација.<br><br>Од анализа на одговорите на прашањето на фокус групата на наставниците кое се однесува на ова тема:**Кои изборни предмети, слободни изборни предмети и слободни активности ги нуди училиштето, На кој начин се определени предметите?Како се врши изборот(како тече процедурата) за избор и како таа овозможува да се задоволат интересите на учениците?**<br><br>Изборните предмети кои ги нуди училиштето за учениците, се предвидени во наставниот план за деветгодишно основно образование, донесен од БРО. Процедурата за избор на изборните се врши пред крајот на учебната година со анкетирање на учениците, на кои им се понудени сите изборни предмети согласно наставниот план за соодветното одделение и учениците имаат можност да направат избор за еден предмет со нивните родители. За избор на слободни изборни предмети од понудените изборни предмети учениците избираат два предмети од различно подрачје, според процедурата од Водичот за слободни изборни предмети.<br><br>Од анализа на одговорот на прашањето на фокус групата на родителите, кое се однесува на можност за избор на предмети кои сака да ги учи, од листата на понудени изборни предмети, родителите одговориле дека најчесто изборот е за предметот кој сака да го изучува, но мал дел од родителите одговориле дека не секогаш се почитува желбата на нивните деца за избор на предметот кој сакат да го изучуваат.<br><br>Од анализа на одговорот на прашањето на фокус групата на учениците: **Дали сте имале можност да изберете предмети кои сакате да ги учите од листа на понудени предмети**?, најголем дел од учениците се согласуваат дека тие ги избираат предметите кои сакаат да ги изучуваат. Секогаш на крајот од учебната година им се понудува листа на изборни предмети, во зависност во кое одделение се, и тие го вршат изборот преку анкетен лист. Дел од учениците велат дека не секогаш им се почитува желбата за избор на посакуваниот наставен предмет за изучување. Наставниците им укажуваат на учениците за кои од понудените предмети училиштето нема можност да ги реализира. |

| | | |
|---|---|---|
| училишните тимови за инклузија и инклузивните тимовиза ученик;<br><br>извештаи и записници од од тимови за училишна интеграција (ТУИ),<br><br>извештаи од реализирани активности за<br><br>меѓуетничка интеграција;<br><br>материјали од постапката за | | Од анализата на дискусијата од интервјуто со директорот и стручните соработници во делот за процесот на понудување и избор на слободни изборни активности и предмети, се констатира дека изборот на слободните изборни активности се врши преку анкетирање. На учениците им се нудат повеќе изборни предмети(согласно предвидените во Наставниот план за секое одделение). Тие самите вршат избор, зависно од нивните интереси.Но не секогаш можат да го одберт својот оилен изборен предмет, бидејќи училиштето нема можност да го реализира сето понудено. Исто така се излегува во пресрет на наставниците кои немаат полн фонд на часови, да ги предаваат предметите кои одговараат на нивниот стручен профил.<br><br>Од преглед на документацијата за избор на изборни предмети е констатирано дека училиштето има процедура за извршено анкетирање на учениците за изучување на изборни предмети. После анкетирањето се прави анализа да добиените одговори и се прави извештај со конкретни избрани предмети од страна на учениците, кои ќе ги учат наредната учебна година.<br><br>Училиштето нуди изборни предмети според наставниот план.<br><br>Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување (анкета) на учениците и (родителите на помалите ученици) на секој ученик. Секој изборен предмет влегува во наставата откако ќе се формира наставна група.<br><br>Изборните / слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. |
| определување изборни / слободни изборни предмети и активности; | **Избор на задачи,активности и на ресурси** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Наставниците користат современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во групи, или со цела паралелка. На овој начин, наставниците мошне успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација. |

| | | |
|---|---|---|
| планирања за изборни предмети.<br><br>**Документи**<br><br>Концепција за основно образование (МОН/БРО, | | Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците, за да ги постигнат очекуваните исходи од наставата. Повеќето од наставниците користат различни извори и приоди за учење, покрај одобрените учебници и прирачна литература. За остварување на оваа можност училиштето е опремено со поголем број на модерни помагала како што е на пример смарт табла во најголем број од училниците, 3Д принтер и сл.<br><br>Со цел да се добијат дополнителни информации за оваа тема се користеа повеќе извори на податоци.<br>Се анкетираа 30 наставници со прашалник, на кој наставниците даваа одговори преку кои ги кажуваа своите ставови, во однос на понудените тврдења.<br>На тврдењето:**Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците**, голем дел од наставниците 22 (65,5%),целосно се согласуваат дека е така, 7(31%) од наставниците се согласуваат со ова тврдење и 1 (3,3%) од испитаните наставници се изјасниле дека не се согласуваат.<br><br>Од анкетираните 85 родители на истото тврдење: **Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете**, 60 родител (71,4%) целосно се согласуваат со тврдењето, 21 (25%) се согласуваат, 2 родители (2,4%), не се согласуваат дека наставниците ги прилагодуваат активностите и задачите согласно потребите на нивните деца, а 1 родител (1,2%) не знае, нема информација дали е така и еден родител не одговорил.<br><br>На тврдењето од прашалникот кое се однесува на ресурсите за учење во у училиштето:**Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр.енциклопедии,списанија, интернет, модели)**, од анкетираните 85 родители, 54 (64,3%) одговориле дека целосно се согласуваат, 24 (28,6%) се согласуваат, 3 (3,6%) родители не се согласуваат дека е така, 2 (2,4%) од родителите целосно не се согласуваат, додека 1 родител (1,2%) не знаат/ немаат информација дали е така и еден родител не одговорил.<br><br>Од анкетата со учениците во која беа опфатени 52 ученици на тврдењето поврзано со оваа тема: **На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)**, 47 ученика(90,4%) одговориле дека целосно се согласуваат, 2(3,8%) се согласуваат со тврдењето, 1 ученик (1,9%) одговорил дека не се согласува ,1 ученик (1,9%) воопшто не се согласува и 1 ученик (1,9%) не знае. |

| | | |
|---|---|---|
| 2020)<br><br>Концепција за инклузивно образование (БРО, 2020)<br><br>Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО, 2021)<br><br>Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО, 2018)<br><br>Водич за слободни изборни предмети (БРО, 2021)<br><br>Упатството за организирање заеднички | | На тврдењето: **На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)**, 30 (57,7%) од учениците целосно се согласуваат со тврдењето, 18 (34,6%) се согласуваат, 2 (3,8%) ученици не се согласуваат и 1(1,9%) ученик целосно не се согласува со тврдењето, додека 1 (1,9%) ученик не знае дали е така.<br><br>На тврдењето **Во наставата користам различни ресурси за учење и настава** од прашалникот за наставниците на кој одговориле вкупно 30 наставници, најголем број, 22 наставници (80 %) одговориле дека целосно се согласуваат, а 7 наставници (20 %) одговориле дека се согласуваат.<br><br>На тврдењето **Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми** од прашалникот за наставниците на кој одговориле вкупно 30 наставници, 19 наставници (63,3 %) одговориле дека целосно се согласуваат, а 10 наставници(33,3 %) одговориле дека се согласуваат, а 1 наставник (3,3%) одговорил дека не се согласува.<br><br>Од анализата на дискусијата со фокус групата со родители, се констатира дека наставниците успешно ја реализираат наставната програма, но сепак, според родителите учениците учат теми кои не соодвестуваат со нивната возраст и интереси. Според родителите некои наставници многу умешно ги прилагодуваат наставните содржини на потребите и можности на децата, но мал дел и не го прават тоа. Значи постојат различни приоди кај наставниците.<br><br>Фокус групата на родители со кои е водена дискусијата се изјасниле дека одредени ученици редовно посетуваат дополнителна настава. Исто така, родителите се изјасниле дека децата најчесто учеле од книгите што ги обезбедува училиштето, тоа што се работело на час и од интернет.<br><br>Од дискусијата со фокус групата со ученици, во делот кој се однесува на тоа, како според нив изгледаат најголем дел од часовите, (што прави наставникот, што прават учениците), учениците одговориле дека секој час е различен. Сите наставници користат наставни методи |

| | | |
|---|---|---|
| наставни часови (МЦГО, 2021) | | и техники, соодветно на предметот кој го предава. Учениците се изјасниле дека сакаат динамична и интересна настава, не сакаат стандардно предавање на наставниците. Сакаат да учат во природа, низ игра и да имаат повеќе практични активности. Според нив, дали часовите ќе се интересни или здодевни, најмногу зависи од наставниците. Сакаат иновативни и интересни часови, кои ќе го привлечат нивното внимание, да постои динамика на часот, интеракција меѓу нив. Според нив ИКТ има големо влијание врз интересот за часот, бидејќи им се овозможува полесен и побрз пристап до информации.Според одговорите на учениците тие најмногу учат од учебници, работни листови, збирка на задачи, квизови, презентации, видео предавања и сл. За време на часовите има можност да дискутираат за она што го учат, но и за било која друга тема, во нивен интерес, како со наставниците, така и со соучениците.<br><br>Од интервјуто со директорот и стручната служба во училиштето се добија информации дека во училиштето наставните часови се реализираат според планирањата. Генерално наставниците ги приспособуват задачите и активностите на индивидуалните потреби за учениците. За некои од учениците со ПОП се изготвуваат ИОП. При реализација на наставата, наставниците ги користат расположивите ресурси за учење во училиштето. Дополнителна и додатна настава се организира во училиштето согласно законот за основно образование.<br><br>Дополнителна настава се организира за учениците кои имаат потешкотии во совладување на одредени наставни содржини по одредени наставни предмети, а додатна за ученици кои покажуваат повисоки постигања по одредени наставни предмети и покажуваат афинитети и способности да учат повеќе од тоа што е понудено во предметот.<br><br>Од извештаите од посетата на часовите се констатира дека добар дел од наставниците користат дополнителни (различни) ресурси за настава и учење, неограничувајќи се само на учебниците. |
| | **Интеракција меѓу наставниците и учениците и** | **МНОГУ ДОБРО**<br>За оваа тема од Индикаторот Наставен процес се добија информации од повеќе извори на податоци.<br><br>Од анкетираните 30 наставници на тврдењето **Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе**, 26 наставници(86,7%) |

| | |
|---|---|
| **учениците меѓусебно** | целосно се согласуваат дека го прават тоа, а 4 (13,3%) се согласуваат.<br><br>На тврдењето: **На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив**, од 30 анкетирани наставници, 20(69%) одговориле дека целосно се согласуваат, 9 (31%) се согласуваат со тврдењето и еден наставник не одговорил на прашањето.<br><br>На тврдењето: **Кон учениците се однесувам со почитување**, дури 29 наставници (96,7%) целосно се согласуваат со тврдењето, односно се однесуваат со почитување кон учениците и 1 наставник (3,3%) се согласува дека е така.<br><br>**Ги разбирам проблемите и потребите на учениците** е тврдење на кое наставниците одговориле на следниот начин: 23 (76,7%) целосно се согласуваат дека е така, а 7 (23,3%) се согласуваат.<br>Тргнувајќи од одговорите на последните две тврдење може да се каже дека наставниците се однесуваат со почит и разбирање за проблемите и потребите на учениците.<br><br>На тврдењето: **Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор**, 19 наставници (63,3%) целосно се согласуваат, 10 (33,3%) се согласуваат со тврдењето, а 1 (3,4%) наставник, не се согласува дека е така.<br><br>Од анкетираните 85 родители, на тврдењето **Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите**, кое се однесува на оваа тема, одговориле на следниот начин: 71(85,5%) целосно се согласуваат дека е така, 9 родители(10,8%) се согласуваат, додека 2 (2,4%)родители целосно не се согласуваат со тврдењето и 1 родител (1,2%).<br><br>На тврдењето: **На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи),** од 52 анкетирани ученици, 32 (62,7%) целосно се согласуваат дека е така, 12 ученика (23,5%) се согласуваат, 3 (5,9%) ученика не се согласуваат и 4 (7,8%) ученика целосно не се согласуваат со тврдењето дека на часовите сите ученици се активно вклучени во наставата и еден не одговорил на праќањето. |

| | |
|---|---|
| | Од дискусијата со фокус групата со наставници се добија информации за тоа дека за секој наставен час подготвуваат дневно планирање, со планирани активности за наставникот и учениците. На секој час наставникот се труди да има што поголема интеракција помеѓу него и учениците, како и помеѓу самите ученици. За таа цел тој користи разни форми на работа како на пример: работа во парови, работа во групи и различни наставни методи и техники: разговор,дебата, бура на идеи, учење преку игра и сл. методи. Доколку се работи во групи, наставникот ги координира групите, ги поттикнува сите ученици активно да се вклучат во работата на групата.<br><br>Доколку има ученик со ПОП, наставникот работи со него со дифренциран пристап користејќи го ИОП. За ученикот со ПОП наставникот соработува со образовниот асистент.<br><br>Од интервјуто со директорот на училиштето на прашањето **Колку од наставниците од вашето училиште избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување?** добивме одговор дека сите наставници избираат и применуваат различни методи и техники во наставата кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување, како и сите наставници кои предаваат во тоа одделение обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици.<br><br>Од извештаите од посетата на часовите, се констатира дека за време на часовите постои интеракција меѓу наставниците и учениците и меѓу соучениците. Тие взаемно се сослушуваат, без да се прекинуваат. Наставниците се трудат максимално да ги вклучат сите ученици во активностите за време на часот, почитувајќи ги нивните интереси. Учениците слоободно поставуваат прашања, дискутираат и го искажуваат своето мислење. На часовите учениците работат во групи, парови и други форми на работа кои подразбираат интеракција меѓу нив. На некои часови, учениците со ПОП се вклучуваат во активности, во некои не. За време на часовите поголем дел од наставниците (не сите) покажуваат флексибилност и ги прилагодува наставните методи и темпото на работа, согласно можностите на учениците.<br><br>Учениците се запознаени со целите на учењето. Во процесот на поучување и учење се |

| | |
|---|---|
| | користат различни методи и техники, а исто така акцент се става и на интеракција со учениците и комуникацијата на релација ученик-наставник и ученик-ученик. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори), се со цел да им го задржат интересот. Поголем дел од наставниците при изборот на задачи и активности внимаваат на овозможување на реализација на активности од различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците. Најголем дел од наставнците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. |
| **Реализација на образовна инклузија** | **ДОБРО**<br><br>За темата Реализација на образовна инклузија од индикаторот **Наставен процес** се добија информации од повеќе извори на податоци.<br><br>Од анкетираните 30 наставници на тврдењето: **Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците**, голем дел од наставниците 22 (65,5%) целосно се согласуваат и 7 (31%) се согласуваат дека е така ,а 1 (3.5%) од наставниците не се согласуваат со истото.<br><br>На тврдењето: **Успешно соработувам со образовните асистенти**,27 (90%) наставници се изјасниле дека целосно се согласуваат со ова тврдење и 2 (6.7%) се согласуваат дека соработуваат со образовните асистенти и 1 (3.3%) не се согласуваат со истото. Од вкупниот број анкетирани наставници, само дел од нив реализираат воспитно-образовна работа со ученици со посебни образовни потреби. Поради тоа, анализата на одговорите што се однесуваат на оваа област се темели на мислењата и искуствата на наставниците кои непосредно работат со овие ученици.<br><br>Од анкетираните 85 родител на следново тврдење: **Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете**, 60 родители (71,4%) целосно се согласуваат со тврдењето, 21 (25%) се согласуваат, 2 родители (2,4%), не се согласуваат и 1 родител (1,2%) не знае , нема информација дали е така и еден родител не одговорил.<br>Од дискусијата со фокус групата со наставници, се добија информации дека најголем дел од наставниците немаат искуство со ИОП. Само мал дел (неколку) наставници се изјасниле дека |

| | |
|---|---|
| | имаат такво искуство. Тие биле дел од инклузивниот тим на ученик, за кој учествувале во изготвување на ИОП. Истите наставници се изјасниле дека сеуште не се чуствуваат доволно компетентни за изготвување на ИОП, особено првата година кога се уште не го познаваат добро ученикот со ПОП.<br>За време на часовите учениците со попреченост работат на посебни задачи прилагодени на нивните можности и способности. Соработката со образовните асистенти е на задоволително ниво. Предметните наставниците сметаат дека треба дополнително да се обучуваат, за да ги стекнат потребните компетенции за работа со деца со попреченост.<br><br>Од интервјуто со директорот и стручната служба во училиштето се добија информации дека учениците кои по препорака на МКФ работат по ИОП и со поддршка од образовен асистент. За овие ученици се формирани Инклузивни тимови за поддршка во кој спаѓаат сите наставници кои му предаваат на ученикот, неговите родители, стручната служба и дирекророт на училиштето како и дефектолог кој е од ОУРЦ „Иднина“.За учениците со ПОП наставниците најчесто користат индивидуален пристап во работата, но кога за тоа има можност го вклучуваат ученикот во групна работа или други заеднички активности, поради подобра социјализација и прифатеност на истиот од страбна на своите врсници. Според директорот и стручната служба образовната инклузија во училиштето како процес се одвива постепено, училиштето врши прилагодувања во сите сегменти, како во дел на обезбедување на компетентни човечки ресурси, така и во дел на физичките ресурси, за потребите на децата со ПОП. Исто така, во делот на образовниот процес, прилагодување на наставните содржини (изготвување на ИОП), модифицирана програма за работа со овие деца, обезбедување на стандарди за оценување на децата со ПОП и сл.<br><br>Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот, или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по некои наставни предмети, согласно законската регулатива. Инклузивниот тим работи по своја сопствена програма/акционен план. Инклузивниот тим се состанува редовно, се изготвуваат записници од состаноците.<br><br>Училиштето успешно соработува со Ресурсниот центар од кој добива поддршка за работа со учениците со ПОП на кои им е потребен одреден профил (а кој го нема во училиштето). |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето од инфраструктурната адаптација и пристапност на учениците со физичка попреченост има пристапна рампа во едната училишна зграда на централното училиште, која е на едно ниво, така да ученикот има слободен пристап до тоалетите. Пристапна рампа има и во двете подрачни училишта. Во централното училиште има и обележано паркинг место за лица со посебни потреби. Нема никаков вид на асистивна технологија, ниту пак асистивни уреди.<br><br>Наставниците, образовните асистенти, и сите вклучени во процесот на едукација на деца со попреченост се трудат кај останатите учениците да промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање кон децата со попреченост со што инклузијата би се олеснила.<br><br>Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно нивните интереси.<br><br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар соработува со образовните асистенти, со цел најдобар интерес на ученикот. |
| **Активности за меѓуетничка интеграција во образованието** | **МНОГУ ДОБРО**<br>За оваа тема користевме информации од повеќе извори на податоци: анкета со наставници, родители и ученици, дискусија со фокус група со ученици, интервју со стручна служба и директор и др.<br>Од анкетираните 30 наставници, на тврдењота кое се однесува на меѓуетничката интеграција: **Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план**, 21 наставник (70%) одговориле дека целосно се согласуваат, 9 (30%) наставници се согласуваат со ова тврдење, односно реализираат МИО активности според претходно направен план.<br><br>Од анкетираните 85 родители на тврдењето: **Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици**, 44 (53,7%) родители целосно се согласуваат со ова тврдење, 15 (18,3%) родители се согласуваат дека нивните деца |

| | | |
|---|---|---|
| | | учествувале во вакви активности, 6 (7,3%) родители се изјасниле дека не се согласува со тврдењето, 3 (3,7%) родители одговориле дека целосно не се согласуваат и 14 (17,1%) немаат информација, односно не знаат дали е така и 3 родители не одговориле.<br><br>На тврдењето: **Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште),** 34 ученика(65,4%), одговориле дека целосно се согласуваат со тврдењето, 6 (11,5%) ученик одговориле дека се согласуваат, а 3(5,8%) ученика не се согласуваат и, 4 ученици (7,7%) кој воопшто не се согласува, значи не биле вклучени во активности, заедно со ученици од други култури, како и 5 (9,6%) ученици кои не знаат дали биле вклучени.<br><br>Од дискусијата со фокус групата со ученици, на прашањето: **Колку училиштето нуди воннаставни активности со ученици кои учат на друг начин, или припаѓаат на различна етничка припадност**, дел од учениците одговорија дека училиштето организира заеднички спортски активности со учениците од училиштето партнер, како и меѓусебни посети на битни училишни настани, пр.Патронат на училиштето. Дел од учениците исто така одговорија дека биле дел од тие активности во нашето или училиштето партнер.<br><br>Од направеното интервју со директорот и стручната служба се добија податоци дека генерално, меѓуетничката интеграција во училиштето е на задоволително ниво. Директорот на училиштето формира Тим за училишна интеграција и досега многу добро функционира.<br><br>Училиштето има потпишано договор за соработка со ООУ „Кочо Рацин“од с.Петровец, со кое преку разни активности ги реализираме предвидените МИО цели. Најчесто се спроведуваат спортски активности: фудбал,одбојка, ракомет меѓу учениците од двете училишта. |

| | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | **Информации кои се собрани** |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | |
| Анкета со учениците, | **Средина и атмосфера за учење** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>За оваа тема од индикаторот Искуства на учениците од учењето се користеа податоци од |

| | | |
|---|---|---|
| родителите и наставниците;<br><br>Разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници;<br><br>интервју со директорот и со стручната служба;<br><br>увид во евиденцијата на стручните соработници;<br><br>увид во педагошка евиденција и документација | | повеќе извори на информации:<br><br>Од анкетираните 30 наставници за индикаторот искуства на учениците од учењето, односно за темата Средина и атмосфера за учење се добија следните информации:<br><br>На прашањето: **Кон учениците се однесувам со почитување**, 29 (96,7%) наставници целосно се согласуваат, односно одговориле дека во наставата покажуваат целосна почит кон учениците,а 1 (3,3%) наставник се согласува со тврдењето.<br><br>На прашањето**: Ги разбирам проблемите и потребите на учениците** од анкетираните 23 (76,7%) од наставниците целосно се согласуваат со ова тврдење, а 7 (23,3%) се согласуваат.<br><br>. На прашањето: **Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати** од анкетираните 29 (96,7%)<br><br>целосно се согласуваат со тврдењето дека секогаш треба да се пофалат учениците за нивните резултати додека 1 (3,3%) наставник се согласува.<br><br>На тврдењето кое е слично со претходното**: Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд**, сите наставници 30 (100%) целосно се согласиле со тврдењето.<br><br>Во однос на тврдењето кое се однесување на давањето повратна информација од страна на наставникот за сработеното на учениците или: **На учениците им кажувам што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања**, 28 (93.3%) одговориле дека целосно се согласуваат со истото, а 2 (7,7%) одговориле дека се согласуваат. Значи може да се заклучи дека сите анкетирани наставници,даваат повратна информација на учениците.<br><br>За критериумите и стандардите за оценување треба да бидат запознати сите ученици, од страна на секој наставник. Со тврдењето кои се однесува на тоа: **Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките** и добиените информации од прашалниците се гледа дека најголем дел од наставниците 23 (76,7%) |

| | | |
|---|---|---|
| | | одговориле дека целосно се согласуваат, 6 (20%) се согласуваат, но 1 (3,3%) наставник не се согласува целосно со истото.<br><br>И на тврдењето: **На учениците им давам насоки како поуспешно да учат**, кое се однесува повторно на давањето повратна информација за учењето на учениците, односно насоки за подобрување на учењето, наставниците одговориле дека 27 (90%) одговориле дека целосно се согласуваат со тоа, а 3 (10%) се согласуваат.<br><br>Од анкетираните 85 родители на тврдењето:**Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите,** 71 родител (85,5%) целосно се согласуваат, 9 родители (10,8%) се согласуваат, 2 (2,4%) целосно не се согласуваат и 1 родител (1.2%) не знае т.е. нема информација за истото и двајца не одговориле.<br><br>На тврдењето: **На моето дете повеќето часови му се интересни,**одговориле вкупно 85 родители од кои 59 (70,2%) целосно се согласуваат, а 25(29,8%) се согласуваат со тврдењето и еден не одговорил.<br><br>Од анкетираните 85 родители на тврдењето: **Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете,** 62 (73,8%) одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 14 (16,7%) одговориле дека се согласуваат, 7 родители (8,3%) не се согласуваат дека е така, а 1 родител (1,2%) целосно не се согласува со тврдењето и еден не одговорил.<br><br>На тврдењето: **Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели),** 54(64,3%) одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 24(28,6%) се согласуваат дека е така, 3(3,6%) родители не се согласуваат, 2 (2,4%) целосно не се согласуваат, а 1 родител (1,2%) не знае, односно нема информација дали е така.<br><br>Тврдењето кое се однесува на пофалбата како мотивација за учениците:**Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати,** од анкетираните 85 родители, 61(73,5%) одговориле дека целосно се согласуваат, 18(21,7%) се согласуваат, 2 родители(2,4%) не се согласуваат 2 родители (2,4%) целосно не се согласуваат со тврдењето и двајца не одговориле.<br><br>Слично тврдење за мотивирање на учениците, но сега за вложениот труд на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците:**Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд,** на кое родителите одговориле на следниот начин: 67 (79,8%) одговориле целосно се согласуваат, 13 (15,5%) се согласуваат дека е така, 2 (2,4%) не се согласуваат и 2 родители (2,4%) целосно не се согласуваат.<br><br>На тврдењето: **Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи,** 67 родители (79,8%) целосно се согласуваат со тврдењето, 12 (14,3%) се согласуваат дека е така, 2 родители (2,4%) не се согласуваат дека е така, ,а 3 (3,6%) родители целосно не се согласуваат .<br><br>Од анкетираните 52 ученици на тврдењето: **Наставниците ја прават содржината од предметите интересна,** 40 (76,9%) одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 9 (17,3%) се согласуваат дека е така, а 2 ученици (3,8%) целосно не се согласуваат, додека 1 ученик (1,9%) не знае, т.е. нема информација за истото.<br><br>На тврдењето: **Наставниците ме пофалуваат за мојот труд,** 43 ученици (82,7%) одговориле дека целосно се согласуваат со тврдењето, 5 (9,6%) се согласуваат, додека 4 (7,7%) целосно не се согласуваат со истото.<br><br>Слична е состојбата со одговорите на следното тврдење: **Наставниците ме пофалуваат за моите резултати,** од 52 анкетирани ученици 43 (82,7%) одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 5 (9,6%) се согласуваат, додека 3 ученици (5,8%) целосно не се согласуваат и 1 ученик (1,9%) не знае , т.е. нема информација за истото.<br><br>На тврдењето: **Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците,** од анкетираните 52 ученици, дури 43 (82,7%) целосно се согласуваат дека е така, 5 ученика(9,6%) се согласуваат со тврдењето, додека само 2 (3,8%) ученика одговориле дека не се согласуваат, 1 ученик (1,9%) дека целосно не се согласува и 1 ученик (1,9%) незнае или нема информација.<br><br>На тврдењето кое се однесува на можност на слободно искажување на своето мислење: **На часовите можам слободно да кажам што мислам,** 37 ученици (71,2%) одговориле целосно се согласуваат дека е така, 9 (17,3%) се согласуваат со тврдењето, а 1 ученик (1,9%) не се согласуваат дека на часовите можат слободно да кажат што мислат, 2 (3,8%) целосно не се согласуваат и 3 (5,8%) немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од дискусијата со фокус групата на родители се добија информации дека најчесто добиваат информации за наставата, домашните задачи, оценките и активностите што се организираат во училиштето. Децата се задоволни од училиштето, имаат добар однос со наставниците и соучениците и со задоволство посетуваат настава. Со интерес учествуваат во училишните активности и ретко покажуваат отпор кон одење на училиште.<br><br>Родителите добиваат информаци за ситуации кои се случиле во училиштето.Се договараат за активностите кои ги имаат. Децата сакаат да одат на настава.<br><br>Од дискусијата со фокус групата со родители, се добија информации дека наставниците во голема мера успешно ја приспособуваат наставата на потребите и можностите на учениците. Користат различни методи на работа, дополнителни објаснувања и практични примери кога е потребно. Родителите забележуваат одредени разлики во пристапот меѓу наставниците, но генерално сите се трудат да им помогнат на учениците да го совладаат материјалот. Моето дете понекогаш има потреба од дополнителна помош дома за утврдување на наставниот материјал, но училиштето обезбедува соодветна поддршка и дополнителна настава кога има потреба.<br><br>Учениците имаат одлично мислење за наставниците.Одлично се справуваат со материјалот кој го добиваат.<br><br>Од дискусијата со фокус групата со ученици, во делот кој се однесува на тоа,како според нив изгледаат најголем дел од часовите, (што прави наставникот, што прават учениците), учениците одговориле дека секој час е различен. Сите наставници користат различни наставни методи и техники, соодветно на предметот кој го предава.Голем дел од наставниците користат дигитални алатки. Наставниците се трудат да го извлечат најдоброто од учениците. Учениците се изјасниле дека сакаат динамична и интересна настава. Има дисциплина и почитување на часовите. При оценувањето наставниците го анализираат и појаснуваат истото.<br><br>Од дискусијата со фокус групата со ученици, во делот кој се однесува на тоа,како според нив |

| | | |
|---|---|---|
| | | изгледаат најголем дел од часовите, (што прави наставникот, што прават учениците), учениците одговориле дека секој час е различен. Сите наставници користат различни наставни методи и техники, соодветно на предметот кој го предава. Голем дел од наставниците користат дигитални алатки. Наставниците се трудат да го извлечат најдоброто од учениците. Учениците се изјасниле дека сакаат динамична и интересна настава. Има дисциплина и почитување на часовите. При оценувањето наставниците го анализираат и појаснуваат истото.<br><br>Од извештаите од посетата на часовите, се констатира дека за време на часовите постои интеракција меѓу наставниците и учениците и меѓу соучениците. Тие взаемно се сослушуваат без да се прекинуваат.<br><br>Наставниците се трудат максимално да ги вклучат сите ученици во активностите за време на часот,почитувајќи ги нивните интереси. Учениците слоободно поставуваат прашања, дискутираат и го искажуваат своето мислење. На часовите учениците работат во групи, парови и други форми на работа кои подразбираат интеракција меѓу нив.За време на часовите поголем дел од наставниците покажуваат флексибилност и ги прилагодуваат наставните методи и темпото на работа, согласно можностите на учениците.<br><br>Од страна на стручната служба се спроведува и реализира Програмата за советување на родители на ученици кои изостануваат од настава, имаат повеќе од две слаби оценки и покажуваат несоодветно однесување. Родителите добиваат уредни покани за средби на кои се појавуваат и се остварува соработка.<br><br>Учениците се запознаени со целите на учењето. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи и техники, а исто така акцент се става и на интеракција со учениците и комуникацијата на релација ученик-наставник и ученик-ученик. Наставниците користат различни позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес. Наставниците при изборот на задачи и активности внимаваат да бидат прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците за поуспешна реализација. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во училиштето се превземени повеќе активности за да се овозможи безбеден престој на учениците: безбедна инфраструктура, постојано присуство на дежурни наставници,обезбедена е прва помош од страна на наставниците кои се обучени за тоа, обезбеден интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди.<br><br>Дежурните наставници за време на одморите се присутни помеѓу учениците, го надгледуваат нивното однесување, се грижат за безбедно пристигнување, престој и заминување на учениците од училиштето. Во училиштето е поставен и видео надзор во внатрешноста на училиштето, надворешниот дел, односно влезовите на училиштето, со цел безбедности заштита на учениците 24 часа на ден.<br>Ова тврдење може да се потврди и со одговорите на<br>анкетниот прашалник за родителите каде вкупно одговориле 85родители на прашањето **Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете** каде најголем дел или 64 родители (76,2 %) одговориле дека целосно се согласуваат и 14 родители (16,7%) дека се согласуваат , при што 3 родители (3,6%) не се согласуваат и 3 родители (3,6%) целосно не се согласуваат и еден не одговорил .<br><br>Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат: ученици, наставници, технички персонал, родители, раководен кадар, стручна служба.<br><br>Училиштето има изготвено и Еко-кодекс во кој на јасен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи.<br><br>Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>За потребните информации за оваа тема од индикаторот Искуства на учениците од учењето користевме повеќе извори на податоци: прашалници за наставници и родители, дискусии од фокус групи со наставници и родители, интервју со стручната служба и директорот, како и извештаи од посета на часови.<br><br>Од анкетираните 30 наставници,на тврдењето: **Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците,** голем дел од наставниците 19 (65,5%), целосно се согласуваат дека е така,9 (31%) се согласуваат со ова тврдење и мал дел 1 (3,5%) не се согласуваат со истото и еден наставник не одговрил.<br><br>На тврдењето: **Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/ активности или задачи/ активности по свој избор** од вкупно 30 наставници**,** 19 наставници (63,3%) целосно се согласуваат, 10 (33,3%) се согласуваат со тврдењето , а 1 (3,3%) не се согласува.<br><br>Од анкетираните 85 родители на тврдењето: **Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете,** 60 родители (71,4%) целосно се согласуваат со тврдењето, 21 (25%) се согласуваат, 2 родители (2,4%) не се согласуваат и 1 родител (1,2%) не знае ,т.е. нема информација дали е така и еден не одговорил.<br><br>Од дискусијата со фокус групата со наставници, во делот на прашањата кое се однесува на тоа, како работат учениците со различни образовни потреби, наставниците одговориле дека учениците со различни образовни потреби се вклучени во сите наставни активности согласно нивните можности и потреби. Се применува диференциран пристап преку прилагодување на наставните содржини, методите на работа, материјалите и задачите. На учениците им се дава дополнителна поддршка и време кога е потребно, со цел да можат успешно да ги реализираат поставените задачи и да напредуваат според своите способности. Соработката со образовните асистенти е континуирана и конструктивна. Заеднички се планираат активностите, се разменуваат информации за напредокот на ученикот и се усогласуваат начините на поддршка. Образовниот асистент помага во разбирањето на задачите, одржувањето на вниманието, комуникацијата и учеството на |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученикот во наставните и социјалните активности, додека наставникот ја носи главната одговорност за планирањето, реализацијата и оценувањето на наставниот процес. На овој начин се обезбедува инклузивна и поддржувачка средина за учење.<br><br>Од интервјуто со директорот и стручната служба во училиштето се добија информации од следењето на часовите дека наставните часови се реализираат според планирањата. Дел од наставниците ги приспособуват задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби за учениците. За учениците со ПОП се изготвуваат ИОП. Поголем дел од наставниците обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови. За учениците со ПОП наставниците најчесто користат индивидуален пристап во работата., учење низ игра и сл. Инклузивниот тим на училиштето иинклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива.<br><br>Од интервјуто со стручната служба и директорот се добија информации дека дополнителната и додатната настава се организираат според Законот за основно образование. Во дополнителна настава се вклучуваат ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за одделени наставни предмети, на барање на ученик, родител и на проценка на наставникот. Додатната настава се организира за учениците кои покажуваат подобри резултати во учењето и имаат афинитети за подобрување на постигањата на одредени наставни предмети. Реализацијата на овој вид на настава се врши преку изготвување на распоред за додатна и дополнителна настава за секој предмет на месечна основа.<br>Од извештајот на следење на часовите, се констатира дека добар дел од наставниците покажуваат флексибилност односно прилагодливост на пристапот на работа со учениците согласно нивните можности. Поголем дел од наставниците користат индивидуален пристап кон работата со овие ученици. Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат воспитно-образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик и се идентификуваат систематски. За своите образовни потреби, учениците разговараат со одделенскиот раководител на одделенските часови, а наставниците разговараат на Совет на одделенски и предметни наставници, на Наставнички совет и на Совет на родители. |

| Индикатор1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училиштето;<br><br>распоред за додатна и дополнителна настава;<br><br>списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br><br>увид во педагошката евиденција и документација;<br><br>користените инструменти за оценување; | **Училишна политика за оценување** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Во анализата спроведена на оваа тема искористени се одговори од наставници,родители, ученици,интервју со директорот и фокус група родители и тоа:<br><br>Анкетираните 30 наставници на прашањата во врска со оваа тема одговорија на следниот начин:**На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања** - 22 (73.3%) наставници одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 6 (20%) наставници се согласуваат, и 2 (6,7) наставници не се согласуваат дека  даваат повратна информација на учениците.<br><br>**Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките** - 23 (76.7%) наставници целосно се согласуваат со тврдењето, 6 (20.69%) наставника се согласуваат, 1(3,3 наставник) не се согласува  дека целосно  ги запознаваат учениците со критериумите за оценување.<br><br>**На учениците им давам насоки како поуспешно да учат** - 27 (90%) наставници целосно се согласуваат, додека 3 (10%)  се согласуваат со ова тврдење, односно сите наставници  им даваат насоки на учениците како поуспешно да учат за да ги подобрат нивните постигања.<br><br>Анкетираните 85 родители на прашањата во врска со оваа тема одговорија на следниот начин:**Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи** – 67(79.8%) родители одговориле дека целосно се согласуваат, 12 (14,3%) родители се согласуваат со тврдењето, 2 (2,4%) родители не се согласуваат дека е така, 3 (3,6%) од родителите целосно не се согласуваат,а 1 од родителите не одговорил на прашањето. Од наведеното може да се заклучи дека поголем дел од родителите сметаат дека наставниците им даваат доволно насоки на учениците за подобро совладување на материјалот.<br><br>**Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година)** - 72 (85,7%) родители целосно се согласуваат со тврдењето, 8 (9,5%) родители се согласуваат, 1 (1,2%) родител не се согласуваат дека е така, 3 (3,6%) |

| | | |
|---|---|---|
| примери на оценети ученички трудови;<br><br>записници од стручните активи, наставничкиот совет;<br><br>анкети/интервју а со учениците и наставниците, родителите;<br><br>фокус група на наставници,<br><br>инструменти за индивидуализирани начини на | | родители целосно не се согласуваат со тврдењето,а 1 родител нема одговорено на прашањето. И овде може да се заклучи дека родителите се доволно известени за постигањата на ученикот.<br><br>**Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете** - 69 (82,1%) родители целосно се согласуваат дека имаат можност да разговараат со наставниците, 11(13,1%) родители се согласуваат, 3 (3,6%) родители не се согласуваат со тврдењето, 1 родители (1,2%) целосно не се согласуваат и 1 родител нема одговорено на прашањето. Значи само мал дел од родителите сметаат дека немаат можност да разговараат со наставниците, додека најголемиот дел сметаат дека имаат и ги користат можностите за разговор со наставниците.<br><br>**Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет** – 56(66,7%) родители целосно се согласуваат со тврдењето, 18(21,4%) родители се согласуваат дека е така, 5 (6%) родители не се согласуваат со тврдењето, 3 (3,6%) родители целосно не се согласуваат со тоа и 2 (2,4%) родители не знае/ нема информација за тоа,1 родител нема одговорено на прашањето. Две третини од родителите се изјасниле дека наставниците доволно ги запознаваат со критериумите за оценување.<br><br>За анализа на оваа тема беа искористени и одговорите на родители од фокус група и тоа:**Колку сте задоволни од информациите кои ги добивате од страна на училиштето за вашето дете?**<br><br>**На кои начини ве информираат за постигањето на вашето дете?Колку добивате совети за начините за подобрување на успехот?(доколку има потреба)**<br><br>**На кои начини ве информираат за редовнота на вашето дете?Колку добивате совети за начините за подобрување на редовноста ?(доколку има потреба)**<br><br>На ова прашање родителите одговорија дека добиваат информации од родителски средби, информирани се од класните раководители,исто така информацијата ја добиваат преку група на социјалните мрежии се задоволни од информациите од училиштето.<br><br>И овде може да се заклучи дека родителите се доволно известени за постигањата на |

| | | |
|---|---|---|
| проверка.<br><br><br><br><br><br><br>**Документи**<br><br><br><br>Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование (БРО, 2021)<br><br><br><br>Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта (МОН, 2019 | | ученикот.<br>Анкетираните 52 ученици на прашањата во врска со оваа тема одговорија на следниот начин:**Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена** - 37 (71,2%) ученици целосно се согласуваат со тврдењето, исто како и 10 (19,2%) ученици кои се изјасниле дека се согласуваат, 2 (3,8%) ученика не се согласуваат со тврдењето, 1 (1,9%) ученик целосно не се согласува со тврдењето и 2 (3,8%) ученика нема информација, или не знае за тоа. Заклучуваме дека околу 90% од учениците се изјасниле дека однапред знаат што е потребно да научат за одредена оценка, а само 10% не се согласуваат со тврдењето.<br><br>**Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена** – 40(78,4%) ученици целосно се согласуваат, 5 (9,8%) ученици се согласуваат, 4 (7,8%) ученици не се согласуваат дека наставниците им даваат повратна информација за оценката што ја добиле и 2 (3.9%)ученика целосно не се согласуваат,1 ученик нема одговорено на прашањето. И во овој случај околу 90% од учениците се изјасниле дека знаат зошто ја добиле соодветната оцена, а само 10% не се согласуваат со тврдењето.<br><br>**Оценувањето на сите ученици е праведно** – 38 (74,5%) ученици одговориле дека целосно се согласуваат, 7 (13,7%) од учениците се согласуваат со тврдењето, 3(5,9%) ученици не се согласуваат, 3 (5,9%) ученици целосно не се согласуваат и 1 ученик нема одговорено на прашањето. Поголем дел од учениците се согласуваат дека оценувањето е праведно.<br><br>**Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување** – 40 (76,9%) ученици целосно се согласуваат, 8 (15,4%) ученици се согласуваат дека е така, 2 (3,8%) ученици не се согласуваат со тврдењето, 1 (1.9%) ученика целосно не се согласуваат и 1 (1.9%) ученика не знае, односно нема информација за тоа.Поголем дел од учениците сметаат дека наставниците редовно ги известуваат за постигањата.<br><br>Од интервјуто со директорот, добиени се сознанија дека постигањата на учениците се оценуваат формативно и сумативно. Известувањето на родителите за постигањата на учениците се врши преку родителски средби, и писмено соопштување на постигнатите резлутати на учениците.<br><br>Од анализата на сите документи може да заклучиме дека училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување. Училиштето има изградени критериуми за оценување, |

| | | |
|---|---|---|
| и 2020-дополнување) | | усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите.<br><br>Наставниците оценувањето на учениците го планираат, како формативното, така и сумативното. |
| Критериуми за оценување на постигањата на учениците (БРО) | **Методи,формии Инструменти за оценување** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Во анализата спроведена на оваа тема искористени се одговори од наставници и ученици, интервју со директори фокус група на наставници и тоа:<br><br>Анкетираните 30 наставници на прашањата во врска со оваа тема одговорија на следниот начин:<br><br>**Применувам различни начини на оценување на учениците** – 23 (76,7%) наставника одговориле дека целосно се согласуваат додека 6 (20%) наставници се согласуваат и 1 (3,3%) наставникне се согласуваат. Значи сите наставници сметаат дека применуваат различни начини на оценување.<br><br>**Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.)** - 18 (60%) наставника одговориле дека целосно се согласуваат додека 11 (36,7%) наставници се согласуваат 1 (3,3) наставникне се согласуваат. Сите наставници ги вклучуваат учениците во процесот на оценување.<br><br>Од вкупно анкетирани 52 ученици на прашањето:<br><br>**Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.)**одговориле – 45 (86,5%) од учениците целосно се согласуваат дека е така, 4 (7.7%) ученици се согласуваат дека наставниците користат најразлични начини на оценување, 3 (5.8%) ученици не се согласуваат со тврдењето.<br>Најголем дел од учениците сметаат дека наставниците користат различни начини на проверка на знаењата.<br><br>**Од интервјуто со директорот**, добиени се сознанија дека постигањата на учениците се проверуваат формативно и сумативно. Оценувањето се врши согласно критериумите кои се |

| | | |
|---|---|---|
| | | усогласени со националните стандарди за оценување. Преку оценувањето се следи работата на ученикот, вреднување на учењето и наученото, се врши размена на информации за учењето и се дава насоки за понатамошната работа. Во текот на наставата дел од наставниците користат најразлични методи, форми и инструменти за оценување, како за формативното, така и за сумативното оценување. Дел од наставниците ги вклучуваат и учениците во оценувањето, преку самооценување, соученичко оценување, изготвување на критеиуми за инструментите за оценување и сл. Информациите од оценувањето се користат во наставата за подобрување на учењето на учениците, како и подобрување на поучувањето, односно доколку има потреба промена на приодот на поучување на наставниците.<br><br>**Од фокус група на наставници** на прашањето **Како вообичаено го планирате и**<br><br>**спроведувате оценувањето на учениците** се дојде заклучокот дека работата на учениците се следи според стандардите по секој наставен предмет и постигнувањата на учениците се врши преку усна или пишана информација,преку активност од часот ,се користат инструменти за оценување,често пати се информираат родителите за постигањата на учениците(каде биле поуспешни и каде можат да се подобрат).И исто така родителите се информираат од родителски средби,телефонски разговори и напредувањето на своето дете можат да го следат преку е-дневникот.<br><br>Со анализирање на добиените одговори дојдовме до заклучок дека наставниците употребуваат разни методи, форми и инструменти на оценување. Секој наставник си има свои критериуми за оценување и истото се спроведува преку усна повратна информација, писмена повратна информација, чек листа за оценување, преку домашни задачи, истражување и изработување на презентации, преку зададени однапред упатства за работа. |
| | **Коефициент на континуитет на успехот на учениците** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Коефициентот на континуитет на успехот во третиот период на образование се пресметува како соодност на средниот успех на полугодие и средниот успех на крај на година за одделенијата од третиот |

период  односно за 7, 8, и 9 одделение. Коефициентот на континуитет на успехот се пресметува по формулата:

СУП1/СУГ1+СУП2/СУГ2

За пресметување на Коефициентот на континуитет на успех користени се полугодишните и годишните извештаи. Според извештаите за средниот успех од претходните две години и формулата за пресметување на Коефициентот на континуитет на успехот се добија информации дека Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од двете претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0.90  односно, според водичот,  кофициентот во која група спаѓа мн добар и сл.За оваа тема заклучивме дека наставниците континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

## Коефициент на континуитет на успехот на учениците

Учебна година

| **2024/2025** | VII | VIII | IX | просек |
|---|---|---|---|---|
| **полугодие** | 3,54 | 3,69 | 3,73 | 3,65 |
| **крај на учебна година** | 4,1 | 3,87 | 4,08 | 4,02 |
| **Коефициент на континуитет** | | | | **0,90** |

Учебна година

| **2025/2026** | VII | VIII | IX | просек |
|---|---|---|---|---|
| **полугодие** | 3,76 | 3,62 | 3,55 | 3,64 |
| **крај на учебна година** | 4,05 | 4,00 | 3,91 | 3,99 |
| **Коефициент на континуитет** | | | | **0,92** |

**Заклучок:** Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од двете претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е еднаков и поголем од 0,9.

| | | |
|---|---|---|
| | **Користење на информациите од оценувањето во наставата** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>За добивање на податоци за оваа тема се користеа информации од добиените резултати од анкетирањето на наставниците, родителите и учениците и интервју со директор и тоа следните прашања и соодветните одговори:<br><br>Анкетираните 30 наставници на прашањата во врска со оваа тема одговорија на следниот начин: **На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања** - 29 (96,7%) наставници одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 1 (3,3%) наставници се согласуваат, значи сите наставници даваат повратна информација на учениците.<br><br>**На учениците им давам насоки како поуспешно да учат** - 27 наставници (90%) целосно се согласуваат додека 3 (10%) наставници се согласуваат со ова тврдење, односно сите наставници без исклучок им даваат насоки на учениците како поуспешно да учат да ги подобрат нивните постигања.<br><br>На прашањето од анкетата **Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи**, од анкетирани 85 родители, 67 (79,8%) одговориле дека целосно се согласуваат дека е така, 12 (14,3%) се согласуваат со тврдењето, 2 (2,4%) родители не се согласуваат дека е така, 3 (3,6%) воопшто не се согласуваат и 1 родител нема одговорено на прашањето. Само 6% од родителите сметаат дека не се даваат доволно насоки за учење на учениците.<br><br>Анкетираните ученици на прашањето во врска со оваа тема одговорија на следниот начин:**Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување.**Анкетираните 52 ученика на прашањето во врска со начинот на подобрување во учењето одговориле**:**40ученици(76,9%) целосно се согласуваат,8(15,4%) се согласуваат,2(3,8%) ученици не се согласуваат,1(1,9%) воопшто не се согласуваат и 1(1,9%) ученик не знаат дали е така.<br><br>**Од интервјуто со директорот** добиени се сознанија дека наставниците даваат насоки за поуспешно да учат и редовно ги известуваат и учениците и родителите за постигнувањата и начините за нивно подобрување и информациите од оценувањето се користат во наставата за подобрување на учењето на учениците, како и подобрување на поучувањето, односно доколку |

| | | |
|---|---|---|
| | | има потреба промена на приодот на поучување на наставниците.<br><br>Од оваа анализа можеме да заклучиме дека наставниците им даваат насоки на учениците за поуспешно да учат и редовно ги известуваат и учениците и родителите за постигнувањата и начините за нивно подобрување и информациите од оценувањето се користат во наставата за подобрување на учењето на учениците, како и подобрување на поучувањето, односно доколку има потреба и промена на приодот на поучување на наставниците. |
| **Индикатор1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа;<br><br>Програми за воннаставниактивности;<br><br>Извештај од реализирани екскурзии;<br><br>Педагошка евиденција и документација; | **Обем и разновидност напланираните иреализирани тевоннаставни активности** | **ДОБРО**<br><br>За обработка на оваа тема од индикаторот **Воннаставни активности и натпревари** користени се податоци од повеќе извори.<br><br>Од спроведените анкети со наставниците, учениците и родителите ги имаме следниве резултати за темата:<br><br>На прашањето **Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.)** од прашалникот за родители одговориле 85 родители.<br><br>Од кои, целосно се согласувам 49 или 58,3%; се согласувам 21 или 25%; не се согласувам 3 или 3,6%; целосно не се согласувам 6 или 7,1% ;не знам (немам информација)5 или 6% и еден родител не одговорил.<br><br>На прашањето **Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции)** од прашалникот за ученици одговориле 52 ученици.<br>Од кои: целосно се согласувам 32 или 61,5%; се согласувам 12 или 23.1%; не се согласувам 3 или 5,8%; целосно не се согласувам 3 или 5,8% и не знам(немам информација)2 или 3,8%.<br><br>Од анализата на дискусијата со фокус групата со наставници се констатира дека во училиштето се спроведуваат најразлични воннаставни активности. Истото може да се утврди и од планирањата, педагошката евиденција и извештаите. Дел од планираните воннаставни активности кои се реазлизираат во училиштето се: натпревари, новогодишни приредби, |

| | | |
|---|---|---|
| дипломи,признанија,пофалници од учество на манифестации инатпревари; | | хуманитарни акции, еколошки акции и активности, хортикултурни активностиза уредување на училишниот двор, секции, спортски активности, МИО активности, креативни работилници,културни манифестации и сл.<br><br>Од интервјуто со директорот и стручната служба се добија податоци дека во рамките на училиштето се планираат и организираат разновидни вонначствни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивно активно учество во нив. Стручната служба подготвува посебен извештај од реализацијата на воннаставните активности на ниво на училиштето. |
| интервјуа/анкети, прашалници со наставници, родители, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br><br>список на ученици вклучени во воннаставни активности; | **Опфатеностна учениците од различен пол и јазик нанаставатасо воннаставните активности** | **ДОБРО**<br><br>За обработка на оваа тема од индикаторот **Воннаставни активности и натпревари** собрани и користени се податоци од повеќе извори.<br><br>Според спроведените анкети со наставниците, учениците и родителите ги имаме следниве резултати:<br>На прашањето **Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес** од прашалникот за родители одговориле 85 родител.<br><br>Од кои: целосно се согласувам 53 или 63,9%; се согласувам 20 или 24,1%; не се согласувам 3 или 3,6%; целосно не се согласувам 4 или 4,8%; и не знам(немам информација) 3 или 3,6% и тројца родители не одговриле.<br><br>Од анализата на дискусијата со фокус групата со наставници се констатира дека во училиштето се спроведуваат најразличнивоннаставни активности.Наставниците внимаваат на тоа, сите ученици да бидат вклучениво различните воннаставни активности согласно нивните барања и можности. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност.<br>На прашањето **Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор** од прашалникот за ученици одговориле 52 ученици.<br><br>Од кои: целосно се согласувам 33 или 63,5%; се согласувам 12 или 23,1%; не се согласувам 1 или 1,9%; целосно не се согласувам 2 или 3,8%; не знам (немам информација) 4 или 7,7%.<br><br>Од интервјуто со Директорот и стручните соработници може да се изведе заклучок дека |

| | | |
|---|---|---|
| увид во интернет-страницата;<br><br>http://www.brmiladinovci.edu.mk/<br><br>во весниците, социјални мрежи итн.<br><br>Документи:<br><br>Концепција за воннаставни активности во основното образование (БРО, 2020) | | учениците се вклучуваат во воннаставните актвиности според сопствениот интерес и желба. |
| | **Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во**<br><br>**воннаставните активности** | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>За обработка на оваа тема од индикаторот **Воннаставни активности и натпревари** користени се податоци од повеќе извори.<br>Според анкетите со наставниците и учениците се доаѓа до следните резултати:<br><br>На прашањето **Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со ученици** од прашалникот за наставници одговориле вкупно 30 наставници, од кои: целосно се согласувам 11 или 36,7%; се согласувам 16 или 53,3%; не се согласувам 2 или 6,7%; не знам (немам информација) 1 или 3.3%.<br><br>На прашањето **Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности** од вкупниот број ученици 52 кои одговориле, со целосно се согласувам одговориле 33 ученик или 64.7% се согласувам одговориле 9 ученици или 17,6 % , со не се согласувам одговориле 4 ученици или 7,8 % и со воопшто не се согласувам одговорил 1 ученик или 2 %., не знам (немам информација) одговориле 4 ученици или 7,8 % и еден ученик не одговорил на ова прашање.<br><br>Од разговор со фокус група наставници може да се утврди дека учениците треба да бидат повеќе вклучени при планирање на воннаставните активности.<br><br>Од интервјуто со Директорот и стручните соработници може да се заклучи дека учениците се вклучени во планирањето на некои воннаставни активности. |
| Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците | **Натпревари** | **МНОГУ ДОБРО**<br>За обработка на оваа тема од индикаторот **Воннаставни активности и натпревари** користени се податоци од повеќе извори.<br><br>На прашањето: **Наставниците ме поддржуваат и мотивираатда учествувам на различнинатпревари** од прашалникот за ученици одговориле 52 ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование (МОН, 2019 и 2020-дополнување) | | Од кои: целосно се согласувам 42 или 82,4%; се согласувам 6 или 11,8%; не се согласувам 0 или 0%; целосно не се согласувам 2 или 3,9% и не знам (немам информација) 1 или 2% и еден ученик не одговорил.<br><br>На прашањето **Наставниците ме поддржуваат и мотивираатда учествувам на различнипроекти** од прашалникот за ученици одговориле 52 ученици.<br>Од кои: целосно се согласувам 36 или 72%; се согласувам 12 или 24%; не се согласувам 1 или 2%; целосно не се согласувам 1 или 2%; и не знам (немам информација) 0% и двајца не одговориле.<br><br>Според интервјуто со Директорот и стручните соработници може да се заклучи дека учениците учествуваат на натпревари и истите се или определени од наставниците според нивните постигања, а во согласност и со нивната желба и интерес или пак се организираат училишни натпревари или одделенски активности за селекција на учениците кои ќе учествуваат на општински или регионален натпревар.<br><br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, меѓутоа учествуваат и во други активности со натпреварувачки карактер. Истото може да се утврди од увид во дипломи,признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Воспитно-образовниот процес во ООУ„ Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци, Илинден, успешно се реализира со соодветни планирања од страна на наставниците, и истите квалитетно се имплементираат во наставата. Се внимава од сите учесници во процесот да се даде целосна поддршка и помош при изработка на планирањата, како и при реализација на наставата. Од увидот во е-дневник е констатирано дека наставата во предметна и одделенска настава се реализира редовно според пропишаниот распоред на часови.Педагошката евиденција и електронската евиденција се води уредно. При реализација на планираните содржини наставниците ги адаптираат темите спрема индивидуалните потреби на учениците. Покажуваат флексибилност и ги прилагодува наставните методи и темпото на работа, согласно можностите на учениците. Училиштете е солидно опремено со модерни наставни помагала кои овозможуваат поедноставна примена на најразлични методи и материјали за учење и поучување. Во училиштето се почитуваат стандардите на оценување, а родителите и учениците се запознаени со критериумите за оценување.Наставниците даваат позитивна конкретна повратна информација за подобрување на постигањата учениците. Освен редовната настава, учениците со голем интерес земаат учество и во вонначставните активности и натпревари.

**Силни страни**

- соработката на наставниците на ниво на стручен актив е на завидно ниво и истото дава одличен резултат при креирање и успешно исполнување на сите потребни планирања, инструменти, активности, протоколи за работа и сл
- безбедна средина за учење со јасен протокол за постапување при елементарни непогоди и одржана симулација за истото како и обучени наставници за обезбедување на прва помош при потреба.
- информациите од оценувањето не се користат во наставата само за подобрување на учењето на учениците туку и за подобрување на поучувањето.
- модерната опременост на училиштето со наставни помагала од различен вид кој овозможува и полесен пристап до различни материјали и извори за учење.
- учество и организација на интерни обуки и учество во најразновидни обуки, семинари, конференции за збогатување на личниот професионален развој на наставниците.

**Слаби страни**

- дефицит на асистивна технологија и асистивни уреди;
- интерна обука за наставници кои имаат/немаат искуство во изработка на ИОП за ученици со посебни образовни

потреби.

- родителите не се доволно информирани  за можноста за учество во воннаставните активности т.е. работилници , предавања и други активности.
- учениците не се доволно вклучени во планирањето на воннаставните активности.

**Приоритети**

- набавка на асистивна технологија и уреди.
- подобра информираност за можноста за учество во воннаставните активности т.е. работилници , предавања и други активности.
- вклученост на учениците при планирањето на воннаставните активности.
- интерна обука за наставници кои имаат/немаат искуство во изработка на ИОП за ученици со посебни потреби.

# Подрачје 2 : **Постигања на учениците**

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 2.1 Постигања на учениците<br>2.2 Мерки за подобрување на постигањата |

**Собирање податоци**

**Индикатор 2.1 Постигања на учениците**

| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| • **Полугодишни, годишни извештаи**<br>• **Интервју со директор и стручна служба**<br>• **Прашалник за наставници**<br>• **Прашалник за родители**<br>• **Прашалник за ученици**<br>• **Фокус група со наставници**<br>• **Фокус група за родители** | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | **ДОБРО**<br><br>Училиштето континуирано прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети и за сите квалификациски периоди. Врз основа на добиените анализи, сè уште не е изготвен Акциски план од страна на Наставничкиот совет со конкретни мерки и активности за подобрување на постигањата на учениците. Учеството на учениците во воннаставните активности, како и нивните постигања, континуирано се следат, евидентираат и документираат.<br><br>Анализа на постигањата на учениците се врши во четири периоди во текот на учебната година. Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно во сите четири периоди. Учениците од IV, V и VI одделение се оценуваат бројчано на крајот на првото полугодие и на крајот од учебната година, додека во останатите два периоди се оценуваат описно. Во VII, VIII и IX одделение учениците се оценуваат бројчано во сите четири периоди. |

| **Статистички преглед на успехот на учениците по наставен предмет и пол на крајот на првото полугодие од учебната 2024/2025 год.** | **М** | **Ж** |
|---|---|---|
| Македонски јазик (Задолжителен) | 2,99 | 3,51 |
| Математика (Задолжителен) | 3,22 | 3,66 |
| Англиски јазик (Задолжителен) | 3,64 | 4,03 |
| Втор странски јазик- Германски (Задолжителен) | 2,98 | 3,80 |
| Биологија (Задолжителен) | 2,97 | 3,46 |
| Хемија (Задолжителен) | 2,89 | 3,40 |

| | | |
|---|---|---|
| Физика (Задолжителен) | 2,80 | 3,42 |
| Историја (Задолжителен) | 3,04 | 3,67 |
| Географија (Задолжителен) | 3,20 | 3,57 |
| Информатика (Задолжителен) | 3,50 | 4,37 |
| Музичко образование (Задолжителен) | 4,79 | 4,87 |
| Ликовно образование (Задолжителен) | 3,83 | 4,32 |
| Физичко и здравствено образование (Задолжителен) | 4,51 | 4,29 |
| Граѓанско образование (Задолжителен) | 3,36 | 3,89 |
| Иновации (Задолжителен) | 3,42 | 3,87 |
| Проекти од ликовната уметност (Изборен) | 4,75 | 4,62 |
| Вештини за живеење (Изборен) | 4,09 | 4,19 |
| Проекти од музичката уметност (Изборен) | 4,88 | 5,00 |
| Етика (Задолжителен) | 4,22 | 4,33 |
| Слободен изборен предмет - дефиниран од училиштето (Изборен) | 4,20 | 4,61 |

| **Статистички преглед на успехот на учениците по наставен предмет и пол на крајот на учебната 2024/2025 год.** | **М** | **Ж** |
|---|---|---|
| Македонски јазик (Задолжителен) | 3,86 | 4,23 |
| Математика (Задолжителен) | 3,98 | 4,25 |
| Англиски јазик (Задолжителен) | 4,19 | 4,53 |
| Втор странски јазик-Германски (Задолжителен) | 3,52 | 4,13 |
| Биологија (Задолжителен) | 3,40 | 3,81 |
| Хемија (Задолжителен) | 3,34 | 3,72 |
| Физика (Задолжителен) | 3,45 | 3,89 |
| Историја (Задолжителен) | 3,53 | 4,05 |
| Географија (Задолжителен) | 3,71 | 3,96 |
| Музичко образование (Задолжителен) | 4,64 | 4,86 |
| Ликовно образование (Задолжителен) | 4,45 | 4,81 |

| | | |
|---|---|---|
| Физичко и здравствено образование (Задолжителен) | 4,81 | 4,76 |
| Граѓанско образование (Задолжителен) | 3,78 | 4,22 |
| Иновации (Задолжителен) | 3,56 | 3,83 |
| Проекти од ликовната уметност (Изборен) | 5,00 | 4,92 |
| Вештини за живеење (Изборен) | 4,64 | 4,69 |
| Проекти од музичката уметност (Изборен) | 4,58 | 4,93 |
| Етика (Задолжителен) | 4,03 | 4,45 |
| Информатика (Задолжителен) | 3,73 | 4,45 |
| Техничко образование и информатика (Информатика) (Задолжителен) | 3,82 | 4,39 |
| Техничко образование и информатика (Техничко образование) (Задолжителен) | 3,82 | 4,34 |
| Природни науки (Задолжителен) | 4,23 | 4,50 |
| Историја и општество (Задолжителен) | 4,18 | 4,51 |
| Техничко образование и информатика (Задолжителен) | 4,43 | 4,69 |
| Слободен изборен предмет - дефиниран од училиштето 2 (Изборен) | 4,37 | 4,76 |
| Слободен изборен предмет - дефиниран од училиштето (Изборен) | 4,20 | 4,61 |
| Слободен изборен предмет - дефиниран од училиштето 2 (Изборен) I-V | 4,70 | 4,92 |

| **Статистички преглед на успехот на учениците по наставен предмет и пол на крајот на првото полугодие од учебната 2025/2026 год.** | **М** | **Ж** |
|---|---|---|
| Македонски јазик (Задолжителен) | 3,04 | 3,62 |
| Математика (Задолжителен) | 2,89 | 3,50 |
| Англиски јазик (Задолжителен) | 3,77 | 4,09 |
| Втор странски јазик- Германски (Задолжителен) | 3,03 | 4,02 |
| Биологија (Задолжителен) | 2,99 | 3,54 |

| | | |
|---|---|---|
| Хемија (Задолжителен) | 2,99 | 3,56 |
| Физика (Задолжителен) | 2,99 | 3,70 |
| Историја (Задолжителен) | 3,29 | 3,75 |
| Географија (Задолжителен) | 3,40 | 3,77 |
| Музичко образование (Задолжителен) | 3,45 | 4,28 |
| Ликовно образование (Задолжителен) | 4,41 | 4,65 |
| Физичко и здравствено образование (Задолжителен) | 4,74 | 4,58 |
| Граѓанско образование (Задолжителен) | 3,66 | 4,35 |
| Иновации (Задолжителен) | 3,27 | 4,09 |
| Вештини за живеење (Изборен) | 4,49 | 4,73 |
| Планинарење (изборен) | 4,44 | 4,67 |
| Вселена и сончев систем (изборен) | 4,43 | 4,75 |
| Техничко образование и информатика (Информатика) (Задолжителен) | 3,90 | 4,23 |
| Музички жанрови (изборен) | 4,55 | 4,90 |

| **Статистички преглед на успехот на учениците по наставен предмет и пол на крајот на учебната 2025/2026 год.** | **М** | **Ж** |
|---|---|---|
| Македонски јазик (Задолжителен) | 3,86 | 4,24 |
| Математика (Задолжителен) | 3,67 | 4,06 |
| Англиски јазик (Задолжителен) | 4,22 | 4,44 |
| Втор странски јазик- Германски (Задолжителен) | 3,31 | 4,04 |
| Биологија (Задолжителен) | 3,26 | 3,73 |
| Хемија (Задолжителен) | 3,18 | 3,75 |
| Физика (Задолжителен) | 3,29 | 3,94 |
| Историја (Задолжителен) | 3,43 | 4,03 |
| Географија (Задолжителен) | 3,50 | 3,90 |
| Музичко образование (Задолжителен) | 4,31 | 4,66 |
| Ликовно образование (Задолжителен) | 4,61 | 4,81 |
| Физичко и здравствено образование (Задолжителен) | 4,86 | 4,79 |

| | | |
|---|---|---|
| Граѓанско образование (Задолжителен) | 3,79 | 4,32 |
| Иновации (Задолжителен) | 3,39 | 4,12 |
| Вештини за живеење (Изборен) | 5,00 | 4,90 |
| Планинарење (изборен) | 4,10 | 4,53 |
| Вселена и сончев систем (изборен) | 4,47 | 4,88 |
| Техничко образование и информатика (Информатика) (Задолжителен) | 3,55 | 4,19 |
| Техничко образование и информатика (Техничко образование) (Задолжителен) | 4,12 | 4,71 |
| Музички жанрови (изборен) | 4,35 | 4,90 |
| Морал и етички вредности (изборен) | 4,40 | 4,93 |
| Природни науки (Задолжителен) | 4,15 | 4,44 |
| Едукација за одржлива иднина (изборен) | 4,61 | 4,54 |
| Фотографија (изборен) | 4,54 | 4,54 |
| Историја и општество (Задолжителен) | 4,39 | 4,61 |
| Техничко образование и информатика (Задолжителен) | 4,50 | 4,75 |
| Цртање/Сликање/Вајарство (изборен) | 4,76 | 4,93 |
| Мултикултурни работилници (изборен) | 4,62 | 4,92 |
| Готварство (изборен) | 4,93 | 4,94 |

**Интервју со директор и стручна служба**

**Прашање 2.1**- Дали училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди?

| | | |
|---|---|---|
| | | a.Што покажуваат податоците?<br><br>b.Како постапувате по наодите? Што се презема за подобрување на евентуалните недостатоци (на пр. ниски постигања по одпределни предмети).<br><br>Училиштето има воспоставено системски пристап за следење и анализа на успехот на учениците. Прибирањето и обработката на овие податоци не е само законска обврска, туку и основна алатка за планирање на квалитетни педагошки мерки. Првото тримесечие обично се карактеризира со понизок просечен успех, бидејќи учениците сè уште се во фаза на адаптација и повторување на наставните содржини, додека успехот постепено се подобрува кон крајот на првото полугодие и на крајот од учебната година.<br><br>Училиштето прибира и анализира податоци за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка. Анализите се користат за следење на напредокот на учениците, идентификување на потребите за дополнителна поддршка и планирање на соодветни воспитно-образовни мерки.<br><br>**Акциски план по предлог на Наставничкиот совет за подобрување на постигањата**<br><br>Училиштето нема Акциски план од Наставнички совет за подобрување на постигнувањата |
| | Резултати од екстерни тестирања | Нема тестирања во овој период |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост се идентификуваат согласно утврдените процедури и во согласност со законските и подзаконските прописи. За нив се |

| | | |
|---|---|---|
| | | планираат и реализираат соодветни мерки и активности со цел обезбедување континуирана поддршка во процесот на учење, развојот на нивните потенцијали и подобрување на постигањата.<br><br>Поддршката се обезбедува преку примена на диференциран и индивидуализиран пристап во наставата, организирање дополнителна и додатна настава, изработка и реализација на индивидуални образовни планови, кога тоа е потребно, како и преку континуирана соработка со стручната служба, наставниците, родителите и другите релевантни чинители, во согласност со индивидуалните образовни потреби на учениците.<br><br>**Прашалник за наставници 2.1** <u>Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето</u>: Од 30 одговори, целосно се согласувам 22-73.3%, се согласувам 8-26.7%<br><br>**Прашалник за наставници 2.2** <u>Успевам да ги идентификувам надарените ученици</u>: Од 30 одговори, целосно се согласувам 28-93.3%, се согласувам 2-6.7%<br><br>**Прашалник за родители 2.4** <u>На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа</u>: Од 81 одговор, целосно се согласувам 57-70,4%, се согласувам 19-23,5%, не се согласувам 2-2,5 %, целосно не се согласувам 2-2,5 %, не знам/немам информација 1-1,2%<br><br>**Прашалник за ученици 2.3** <u>Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава:</u> Од 51 одговори, целосно се<br><br>согласувам 35-68,6%, се согласувам 9-17,6%, не се согласувам 2-3,9 %, целосно не се согласувам 2-3,9%, не знам/немам информација 3-5,9%<br><br>**Прашалник за ученици 2.4** <u>Доколку не можам да го совладам</u> |

| | | |
|---|---|---|
| | | <u>материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини:</u> Од 50 одговори, целосно се согласувам 41-82%, се согласувам 4-8%, не се согласувам 2 – 4%, целосно не се согласувам 2-4%, не знам/немам информација 1-2%<br><br>**Прашалник за ученици 2.5** <u>Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат дополнителни часови:</u> Од 51 одговори, целосно се согласувам 28-54,9%, се согласувам 9-17,6%, не се согласувам 5-9,8%, целосно не се согласувам 4-7,8%, не знам/немам информација 5-9,8%<br><br>**Фокус група со наставници**<br><br>**Прашање 7:** <u>Како вообичаено го планирате и спроведувате оценувањето на учениците?</u><br><br>Од анализата на одговорите може да се заклучи дека наставниците го планираат оценувањето како континуиран процес во текот на целата учебна година, во согласност со наставната програма и предвидените исходи од учењето. Најчесто се применуваат формативно оценување во текот на наставниот процес и сумативно оценување по завршување на наставните теми.<br><br>За следење на постигањата на учениците се користат различни методи и инструменти, како што се усно испрашување, писмени проверки и тестови, работни листови, практични задачи, проекти, презентации, портфолија, чек-листи и самооценување. Критериумите за оценување најчесто се однапред дефинирани и им се познати на учениците.<br><br>Родителите редовно се информираат за напредокот на учениците преку електронски дневник, родителски средби, индивидуални разговори и писмени или усни известувања. Наставниците обезбедуваат континуирана повратна информација со цел да ги мотивираат учениците и да им укажат на можностите за |

| | | |
|---|---|---|
| | | подобрување.<br><br>Добиените резултати од оценувањето се користат за планирање на понатамошната настава, при што се организира дополнителна поддршка за учениците кои имаат потешкотии, како и додатни активности за учениците кои покажуваат повисоки постигања<br><br>**Прашање 9:** <u>На кој начин се идентификуваат учениците со различни образовни потреби во училиштето (учениците</u><br><br><u>со тешкотии во учењето, надарените ученици, учениците со попреченост). Како ја прилагодувате наставата на секоја од овие групи? Како е организирана дополнителната и додатната настава во училиштето?</u><br><br>Од анализата на одговорите произлегува дека идентификацијата на учениците со различни образовни потреби се врши преку иницијални проверки на знаењата, континуирано следење на постигањата, разговори со родители, соработка со стручната служба (педагог и психолог), како и врз основа на стручна документација и проценки од надлежни институции.<br><br>Наставниците ја прилагодуваат наставата согласно индивидуалните потреби на учениците преку диференцирани задачи, адаптација на наставните содржини, приспособување на наставните средства, различни нивоа на сложеност, флексибилно темпо на работа, визуелни помагала и индивидуална поддршка. Кога е обезбедена, се користи и поддршка од образовен асистент.<br><br>Дополнителната настава е наменета за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини и е насочена кон повторување, вежбање и зајакнување на основните знаења. Додатната настава се организира за надарените ученици, преку истражувачки задачи, напредни содржини и подготовки за натпревари. И двата вида настава најчесто се реализираат според |

| | | |
|---|---|---|
| | | однапред утврден распоред и во согласност со потребите и интересите на учениците. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Училиштето има воспоставен систем за известување на родителите/старателите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигнувањата на учениците по секој квалификационен период. Дополнително, тие имаат можност да се запознаат со напредокот на своето дете преку е-дневникот, кој уредно се води, како и преку родителски средби и отворени денови со наставниците.<br><br>**Прашалник за наставници 2.3** Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете во учењето – од вкупно 30 одговори: целосно се согласувам одговориле 16- 53,3 %, се согласувам 10-30,3%, не се согласувам 4-13%, целосно не се согласувам 0-0%,немам информација 0-0%<br><br>**Прашалник за наставници 2.4** На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.-од вкупно 30 одговори: целосно се согласувам одговориле 24-80%, се согласувам 5-16,7%, не се согласувам 1-3,3%<br><br>**Прашалник за родители 2.4** На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа- Од вкупно 81 одговори: целосно се согласувам одговориле 57-70,4%,се согласувам 19-23,5%, не се согласувам 2-2,5%, целосно не се согласувам 2-2,5% не знам/немам информација 1-1,2%<br><br>**Прашалник за родители 2.1** Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете- од вкупно 81 одговори: целосно се согласувам одговориле 60-74,1%, се согласувам 15- |

18,5%, не се согласувам 3-3,7%, целосно не се согласувам 2-2,5%не знам/немам информација  1-1,2%

**Фокус група на наставници**

**Прашање 7:** Како вообичаено го планирате и спроведувате оценувањето на учениците?

Од анализата на одговорите може да се заклучи дека наставниците го планираат оценувањето како континуиран процес во текот на целата учебна година, во согласност со наставната програма и предвидените исходи од учењето. Најчесто се применуваат формативно оценување во текот на наставниот процес и сумативно оценување по завршување на наставните теми.

За следење на постигањата на учениците се користат различни методи и инструменти, како што се усно испрашување, писмени проверки и тестови, работни листови, практични задачи, проекти, презентации, портфолија, чек-листи и самооценување. Критериумите за оценување најчесто се однапред дефинирани и им се познати на учениците.

Родителите редовно се информираат за напредокот на учениците преку електронски дневник, родителски средби, индивидуални разговори и писмени или усни известувања. Наставниците обезбедуваат континуирана повратна информација со цел да ги мотивираат учениците и да им укажат на можностите за подобрување.

Добиените резултати од оценувањето се користат за планирање на понатамошната настава, при што се организира дополнителна поддршка за учениците кои имаат потешкотии, како и додатни активности за учениците кои покажуваат повисоки постигања.

<table>
<tr><th colspan="3">Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Теми по индикатори</th><th>Информации кои се собрани</th></tr>
<tr>
<td><ul><li>Полугодишни, годишни извештаи</li><li>Интервју со директор и стручна служба</li><li>Прашалник за наставници</li><li>Прашалник за родители</li><li>Прашалник за ученици</li><li>Фокус група со наставници</li><li>Фокус група за родители</li></ul></td>
<td>Редовност во наставата</td>
<td>МНОГУ ДОБРО<br><br>ПРЕГЛЕД на изостаноците на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2024/25 година<br><br>
<table>
<tr><td>Одделение</td><td>I</td><td>II</td><td>III</td><td>IV</td><td>V</td><td>VI</td><td>VII</td><td>VIII</td><td>IX</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td>Оправдани</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>114</td><td>/</td><td>380</td><td>533</td><td>785</td><td>1455</td><td>3267</td></tr>
<tr><td>Неоправдани</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>45</td><td>/</td><td>/</td><td>19</td><td>130</td><td>20</td><td>214</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>159</td><td>/</td><td>380</td><td>552</td><td>915</td><td>1457</td><td>3481</td></tr>
</table><br>
ПРЕГЛЕД на изостаноците на учениците на крајот на учебната 2024/25 година<br><br>
<table>
<tr><td>Одделение</td><td>I</td><td>II</td><td>III</td><td>IV</td><td>V</td><td>VI</td><td>VII</td><td>VIII</td><td>IX</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td>Оправдани</td><td>339</td><td>/</td><td>/</td><td>169</td><td>117</td><td>903</td><td>1240</td><td>2072</td><td>3517</td><td>8357</td></tr>
<tr><td>Неоправдани</td><td>4</td><td>/</td><td>/</td><td>50</td><td>10</td><td>12</td><td>60</td><td>73</td><td>35</td><td>244</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>343</td><td>/</td><td>/</td><td>219</td><td>127</td><td>915</td><td>1300</td><td>2145</td><td>3552</td><td>8601</td></tr>
</table><br>
ПРЕГЛЕД на изостаноците на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2025/26 година</td>
</tr>
</table>

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | / | / | / | 94 | 13 | 327 | 213 | 652 | 640 | 1940 |
| Неоправдани | / | / | / | / | 33 | 6 | 2 | 18 | 82 | 141 |
| Вкупно | / | / | / | 94 | 46 | 333 | 215 | 670 | 722 | 2081 |

**ПРЕГЛЕД на изостаноците на учениците на крајот на учебната 2025/26 година**

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | / | / | 1 | 94 | 129 | 1551 | 720 | 1696 | 1822 | 6013 |
| Неоправдани | / | / | / | / | 54 | 17 | 61 | 309 | 200 | 641 |
| Вкупно | / | / | 1 | 94 | 183 | 1568 | 781 | 2005 | 2022 | 6654 |

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствата од наставата и презема соодветни мерки за нивно намалување. Во таа насока, континуирано соработува со родителите/старателите, надлежните институции (центрите за социјална работа, Министерството за социјална политика, демографија и млади и други релевантни институции), локалната самоуправа и граѓанските организации, со цел зголемување на редовноста на учениците во наставата.

Малиот број на неоправдани изостаноци укажува на високо ниво на редовност. Мерките што ги презема училиштето за поттикнување на редовното посетување на наставата, особено кај учениците од ранливите категории, се ефикасни и даваат позитивни резултати.

**Прашалник за ученици 2.1** Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште- Од вкупно 50 одговори

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно се согласуваат одговориле 45-90%, се согласувам 3-6%, не се согласуваат 1-2%, воопшто не се согласувам 1-2%,не знам/ немам информација 0-0%.<br><br>**Интервју со директор и стручна служба**<br><br>**Прашање 2.4** Колку сте задоволни од редовноста на учениците? Кои мерки се превземаат за учениците кои се нередовни?<br><br>Од анализата на одговорите може да се заклучи дека редовноста на учениците е на задоволително и високо ниво. Најголемиот дел од учениците редовно ја посетуваат наставата, а училиштето континуирано ја следи посетеноста и навремено реагира при појава на нередовност.<br><br>За учениците кои почесто отсуствуваат се преземаат превентивни, советодавни и педагошки мерки. Тие вклучуваат навремено известување на родителите, индивидуални разговори со учениците, советувања со учениците и родителите, како и поддршка од стручната служба. По потреба се применуваат и педагошки мерки со цел да се подобри редовноста и да се спречи хроничното отсуствување или предвременото напуштање на наставата.<br><br>Одговорите покажуваат дека училиштето има воспоставен систем за следење на редовноста и презема соодветни активности за поттикнување на редовното посетување на наставата и подобрување на успехот на учениците. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Училиштето редовно ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците во согласност со законските прописи и води уредна документација за нивната реализација. За спроведените советувања навремено ги известува надлежните институции, врши анализа на нивните резултати и континуирано го следи влијанието врз редовноста, успехот и однесувањето на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците.<br><br>Анализите покажуваат дека советувањата на родителите/ старателите во најголем број случаи придонесуваат за подобрување на редовноста, постигањата и однесувањето на учениците, што ја потврдува нивната ефикасност како мерка за поддршка.<br><br>**Прашалник за родители 2.1** Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете: Од вкупно 81 одговори-целосно се согласуваат 60-74,1%, се согласуваат 15-18,5%, не се согласуваат 3-3,7%, целосно не се согласуваат 2-2,5%, не знам/немам информација 1-1,2%<br><br>**Прашалник за родители 2.2** Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете: Од вкупно 81 одговори-целосно се согласуваат 58-71,6 %, се согласуваат 15-18,5%, не согласувам 6-7,4%, целосно не се согласувам 1-1,2%, не знам/немам информација 1-1,2%<br><br>**Фокус групата за родители**<br><br>**Прашање 3:** На кои начини ве информираат за редовноста на вашето дете? Колку добивате совети за начинот за подобрување на редовноста? (доколку има потреба)<br><br>Од добиените одговори може да се заклучи дека родителите се задоволни од комуникацијата и информирањето од страна на училиштето. Најголем дел од информациите ги добиваат преку електронскиот дневник, родителски средби, одделенските наставници, електронските комуникации и групите за комуникација.<br><br>Родителите редовно се информираат за успехот, однесувањето, редовноста и напредокот на своите деца, како и за сите важни училишни активности и известувања. Тие ја оценуваат комуникацијата со училиштето како навремена, јасна и ефикасна, а |

| | | |
|---|---|---|
| | | по потреба добиваат и насоки и совети за подобрување на постигањата на учениците.<br><br>Одговорите укажуваат на воспоставена добра соработка и меѓусебна доверба помеѓу училиштето и родителите, што придонесува за подобро следење на развојот и успехот на учениците.<br><br>Советувањето на родителите/старателите претставува законска обврска и по правило, се реализира во групи составени од родители на ученици кои нередовно или воопшто не ја посетуваат наставата. Советувањата се организираат како интерактивен процес, во кој родителите не се само пасивни слушатели, туку активно учествуваат во сите фази на реализацијата.<br><br>Преку советувањата на родителите им се овозможува да ги споделат своите искуства, да разменат мислења и добри практики за надминување на предизвиците поврзани со редовноста и однесувањето на учениците. Ваквиот пристап придонесува за градење меѓусебна доверба, унапредување на комуникацијата и развивање партнерски однос помеѓу училиштето и родителите, со цел заедничка поддршка на учениците и подобрување на нивните постигања и редовност. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Најголемиот број наставници применуваат различни методи, техники и стратегии во наставата со цел подобрување на постигањата на учениците. Во текот на учебната година се забележува позитивна промена во реализацијата на наставата насочена кон унапредување на учењето и постигањата на учениците. Училиштето континуирано организира дополнителна настава по сите предмети во кои учениците имаат тешкотии. Сепак, училиштето не врши систематска анализа на резултатите од дополнителната  настава во однос на нивниот придонес кон подобрување на постигањата на учениците.<br><br>**Прашалник за наставници 1.17** <u>На учениците им кажувам што</u> |

| | | |
|---|---|---|
| | | добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања: Од вкупно 30 одговори: целосно се согласувам одговориле 28-93,3%,се согласувам 2-6,7%<br><br>**Прашалник за наставници 1.19** На учениците им давам насоки како поуспешно да учат: Од вкупно 30 одговори: целосно се согласувам одговориле 27-90%, се согласувам 3-10%<br><br>**Прашалник за наставници 1.21** Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.): Од вкупно 30 одговори: целосно се согласувам одговориле 18-60%, се согласувам 11-36,7%, не се согласувам 1-3,3%<br><br>**Прашалник за наставници 2.1** Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето: Од вкупно 30 одговори: целосно се согласувам одговориле 22-73,3%, се согласувам 8-26,7%<br><br>**Прашалник за наставници 2.2** Успевам да ги идентификувам надарените ученици: Од вкупно 30 одговори: целосно се согласувам одговориле 2-93,3%, се согласувам 2-6,7%<br><br>**Прашалник за родители 2.4** На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа: од вкупно 81 одговори: целосно се согласувам одговориле 57-70,4%, се согласувам 19-23,5%, не се согласувам 2-2,5%, целосно не се согласувам 2-2,5%, не знам/немам информација 1-1,2%<br><br>**Прашалник за ученици 2.2** Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех: Од вкупно 51 одговори: целосно се согласувам одговориле 41-80,4%, се согласувам 7-13,7%,не се согласувам 1-2%, целосно не се согласувам 1- 2%, не знам/немам информација 1-2% |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Прашалник за ученици 2.3** Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава: Од вкупно 51 одговори-целосно се согласувам одговориле 35-68,6%, се согласувам 9-17,6%, не се согласувам 2-3,9%, целосно не се согласувам 2-3,9%, не знам/немам информација 3-5,9%<br><br>**Прашалник за ученици 2.4** Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини: Од вкупно 50 одговори- целосно се согласувам одговориле 41-82%, се согласувам 4-8%, не согласувам 2-4%, целосно не се согласувам 2-4%, не знам/немам информација 1-2% |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме на подрачјето**

- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.
- Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост се идентификуваат согласно пропишаните процедури и добиваат континуирана поддршка за подобрување на нивните постигања.
- Училиштето има воспоставен систем за известување на родителите/старателите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигнувањата на учениците по секој квалификационен период, а исто така имаат можност да се запознаат со нивниот напредок преку е-дневникот, кој уредно се води.
- Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуства од наставата и презема конкретни мерки за подобрување. Во таа насока соработува со родителите/старателите, надлежните институции (Министерството за социјална политика, демографија и млади, центри за социјална работа и др.), локалната самоуправа и граѓанските организации, со цел зголемување на редовноста на учениците.
- Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализа на резултатите од советувањата и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.
- Најголемиот број наставници применуваат современи методи, техники и стратегии во наставата со цел подобрување на постигањата на учениците. Во текот на учебната година е видлива континуирана промена и унапредување на наставните практики насочени кон подобрување на резултатите на учениците.
- Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето.

**Силни страни**

- Најголемиот број наставници применуваат методи, техники и стратегии во наставата со цел подобрување на постигањата на учениците. Во текот на учебната година е видлива промена и унапредување на наставната практика насочена кон подобрување на постигањата на учениците.
- Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето.
- Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуства и презема

конкретни мерки за нивно намалување.

- Училишниот психолог и педагог организираат советување на родителите/старателите на ученици кои имаат над 10 неоправдани и над 100 оправдани изостаноци.
- Редовно се врши следење и евидентирање на изостаноците од страна на наставниците и стручната служба, а се применуваат и педагошки мерки со цел намалување на изостаноците.
- Во училиштето редовно се одржуваат родителски средби, а по потреба и вонредни средби. Се реализира и индивидуално информирање на родителите/старателите од страна на стручната служба за редовноста на учениците.

**Слаби страни**

- Училиштето нема изготвено акциски план со активности од Наставничкиот совет за подобрување на постигањата на учениците.
- Се забележува недостаток од материјали и нагледни средства за работа со ученици со попреченост и со надарени ученици.
- Одреден дел од родителите/старателите не користат е-дневник поради немање електронски адреси, со што немаат редовен увид во постигањата на учениците.
- Училиштето не врши систематска анализа на резултатите од дополнителната настава.

**Приоритети**

- Потребно е да се продолжи со континуирано следење на постигањата на учениците и нивната редовност во училиштето.
- Потребно е да се преземат дополнителни превентивни активности за намалување на изостаноците.
- Училиштето потербно е да изготви акциски план со активности од Наставничкиот совет за подобрување на постигањата на учениците.
- Изготвување на анализа на резултатите од дополнителната настава со цел унапредување на успехот на учениците.

# Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

**Самоевалуација на училиштето:**

**ООУ„Браќа Миладиновци“Миладиновци**

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Правилник за изрекување педагошки мерки<br><br>Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основното образование (Коалиција СЕГА, 2019)<br><br>ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ<br><br>Кодекс на однесување: анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на | Углед/имиџ на училиштето | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Општина Илинден го препознава ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци, како училиште кое промовира високи постигнувања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Преку учество во разновидни проекти и реализација на успешни воннаставни активности како секции, приредби, хуманитарни акции и натпревари, училиштето се афирмира преку социјалните медиуми, веб страната и медиумите.<br><br>Постигнувањата на учениците во рамките на училиштето и во пошироката локална средина се промовираат преку однапред изграден систем на промовирање од страна на училиштето. Учеството во слободни ученички активности, конкурси, изложби, проекти и други манифестации, како и преглед на освоени награди, пофалници и пофалби за учество на општински, регионален или државен натпревар се редовно евидентирани од страна на стручната служба.<br><br>**СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ НА УЧИЛИШТЕТО**:<br><br>- Веб страна на училиштето http://www.brmiladinovci.edu.mk/ , Facebook профилот https://www.facebook.com/profile.php?id=61553676526516&locale=mk |

| | | |
|---|---|---|
| училиштето; пофалби, награди, признанија и др; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; решение за формирање на ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент( програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | | _MK на училиштето, огласната табла, пано со трудови од учениците, општински весник и локални медиуми.<br>- Медиумски клуб на училиштето:<br>- https://www.facebook.com/people/%D0%9C%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%9A%D0%BB%D1%83%D0%B1-%D0%9E%D0%9E%D0%A3-%D0%91%D1%80%D0%B0%D1%9C%D0%B0-%D0%9C%D0%B8%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D1%86%D0%B8%CA%BC%CA%BC/61583029893501/#<br><br>**ОСОБЕНИ ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИ**:<br><br>Правилник за видовите пофалби и награди на учениците дел бр. 03-9/10 од 19.9.2025 година.<br><br>Избор на првенец на генерацијата дел бр. 08-37/4<br>11.06.2026 година.<br><br>**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР И СТРУЧНА СЛУЖБА:**<br><br>**<u>Прашање 3.1</u>** – Нашето училиште има изградено специфичен и препознатлив идентитет во локалната средина. Преку синергија помеѓу наставниот кадар, стручната служба, учениците и родителите, успеваме да создадеме препознатлив бренд кој го надминува класичното стекнување знаење. Училиштето е препознатливо по квалитетната наставна и воннаставна работа и постигнувањата на учениците, постигањата се промовираат преку училишни настани, социјални мрежи, а афирмацијата се врши преку разновидни културни, спортски и едукативни воннаставни активности. Препознатливо е по добрата клима за работа, професионалност, еднаквост, следење на нови практики и методи и сл. Постигањата се промовираат преку социјални медиуми и веб страна на училиштето преку повеќе воннаставни активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **<u>Прашање 3.2</u>** Донесувањето и почитувањето на Кодексот на однесување во училиштето е еден од најважните чекори кон создавање безбедна, предвидлива и стимулативна средина за учење. Тој не претставува само листа на забрани, туку заеднички договор за вредностите кои ги негуваме. Кодексот на однесување се донесува на почетокот на основањето на институцијата, но поважно е што неговото ревидирање и повторно усвојување се прави на почетокот на секоја учебна година (најчесто во текот на септември), како дел од Годишната програма за работа. За да биде вистински прифатен, Кодексот се носи преку широк партиципативен и демократски процес во кој учествуваат сите клучни чинители - Учениците, Родителите, Наставниот кадар и стручната служба и Училишниот одбор. Кодексот на однесување редовно се ажурира според потребите, се почитува во голема мера, а за негово непочитување се применуваат педагошки мерки и постапки согласно правилата на училиштето. кодексот за однесување е донесен од страна на наставнички совет а во процесот беа вклучени и советот на родители со нивни предлози,за непочитување се предвидени соодветни казни соодветно законот и правилникот. |
| | Кодекс на однесување | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Училиштето располага со кодекс на однесување на учениците 03-9/21 од 19.09.2025 и кодекс на однесување на наставниците 03-9/21 од 19.09.2025. Во овие документи уредно се истакнати принципите и правилата на однесување во училиштето во сите структури.<br><br>Усвојувањето на кодексот е изведено преку транспарентна процедура и во неговата изработка се вклучени сите претставници на сите засегнати страни за работата на училиштето. Доколку настане прекршување на принципите и правилата на однесување кои се пропишани со кодексот, во тој случај училиштето има пишани процедури кои ги спроведува во практика.<br><br>Дополнително, училиштето има одредено редовни процедури за |

| | | |
|---|---|---|
| | | ажурирање на содржината на кодексот на однесување со вклучување на сите засегнати страни.<br><br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВЕН КАДАР:**<br><br>**<u>Прашање 3.1</u>** - Во однос на ова прашање од вкупно 30 интервјуирани наставници, 26,7 % целосно се согласуваат со исказот дека учествуваат во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето, 40 % се согласуваат, а само 16.7% не се согласуваат.<br><br>Целосно не се согласуваат 3.3% со тврдењето и 13.3% не знаат или немаат информација во однос на ова прашање.<br><br>**<u>Прашање 3.2</u>** - 73,3% целосно се согласуваат со тврдењето дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување, додека 23,3% се согласуваат. 3.3% не се согласуваат или нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br><br>**<u>Прашање 3.1</u>** – Од вкупно 81 испитаник од редот на родители во училиштето избрани по случаен избор, 85,2 % (69 родители) целосно се согласуваат дека се запознаени со кодексот на однесување во училиштето, 12,3 % (10 родители) се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, не се согласуваат само 2,5 % (2 родители), нема родители кои целосно не се согласуваат, односно не знаат дека постои кодекс на однесување во училиштето.<br><br>**<u>Прашање 3.2</u>** – 52,5% (42 родители) од испитаните родители целосно се согласуваат со тврдењето дека имаат можност да придонесат за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување, 26,3 % (21 родител) се согласни дека имале можност да придонесат во оваа сфера, додека 7,5 % (6 родители) не се согласуваат, 6,3% (3 родители) целосно |

| | | |
|---|---|---|
| | | не се согласуваат или не чувствуваат дека имаат можност да бидат вклучени во развојот на содржината на Кодексот на однесување, и 7,5% (6 родители) не се запознаени со оваа можност.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:**<br><br>**<u>Прашање 3.6</u>** – Со тврдењето дека во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме од вкупно 51 ученик целосно се согласуваат 74,5%, додека 13,7% се согласуваат. Со тврдењето не се согласуваат 7,8 %, додека 2% целосно не се согласуваат. 2% не знаат или немаат информација.<br><br>**<u>Прашање 3.7</u>** – 80,4% целосно се согласуваат дека се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето. 15,7% се согласуваат, нема ученици кои не се согласуваат. 2% целосно не се согласуваат, додека 2% се изјасниле дека не знаат/немаат информација.<br><br>**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР**:<br><br>**<u>Прашање 3.2</u>** Кодексот е донесен на почетокот на училишната година,на Наставнички совет во кој се вклучени наставниците, стручната служба и учениците и по потреба се ажурира.Во голема мера кодексот се почитува во спротивно се укажува на грешките и по<br><br>потреба следи разговор со стручна служба за евентуално непочитување на кодексот следува соодветна педагошка мерка. |
| | Училишна клима | **МНОГУ ДОБРО**<br><br>Училишниот живот во голема мера може да се опише како средина во која постои заемно почитување и вклученост на сите учесници во активностите на училиштето. Соработката помеѓу вработените главно се карактеризира како професионална и поддржувачка. Наставниот кадар, раководниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | кадар и останатите вработени се трудат да придонесот до одржување на позитивна атмосфера во училиштето.<br><br>Учениците се секогаш упатени да покажат грижа и емпатија едни кон други. Училиштето се стреми да создаде безбедна средина за учење каде закани, провокации, навреди и негативни коментари не се добредојдени. Учениците се мотивирани да поставуваат повисоки цели од средината за учење.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ**:<br><br>**<u>Прашање 3.3</u>** –од вкупно 30 наставници 83,3% целосно се согласуваат дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка, а 13,3% се согласуваат со истото тврдење. 3,3% не се согласуваат и нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација.<br><br>**<u>Прашање 3.4</u>** – Целосно се согласуваат 80% од наставниците дека за време на нивните часови има добра работна атмосфера, додека останатите 20% се согласуваат. Ниту еден наставник не се изјаснил дека не се согласува или целосно не се согласува и дека немаат информација.<br><br>**<u>Прашање 3.5</u>** - 90% од наставниците кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат дека добро соработуваат со колегите во училиштето, а 10% се согласуваат. Нема наставници<br><br>кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат/не знаат или немаат информација.<br><br>**ФОКУС ГРУПА – НАСТАВЕН КАДАР**<br><br>Прашање - Како ја проценувате генералната клима во училиштето? Колку различните чинители во училиштето меѓусебно соработуваат? Можете ли да наведете примери на добра соработка? Постојат ли случаи на закани, провокации, навреди (помеѓу воспитно-образовниот кадар, учениците, раководството)? Како се постапува по истите? |

-Генералниот став на наставниците вклучени во фокус групата во однос на ова прашање е дека генералната клима во училиштето е позитивна и поттикнувачка. Постои добра соработка меѓу наставниците, учениците, родителите, стручната служба и раководството.
Како примери може да се наведат заедничко организирање на приредби, проекти, работилници и хуманитарни акции. Поединечни случаи на недоразбирања или несоодветно однесување се решаваат навремено преку разговор, педагошки мерки, медијација и соработка со родителите и стручната служба. Доколку се појават недоразбирања или конфликти, тие се решаваат преку разговор, почитување и примена на соодветни процедури.

**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**:

**<u>Прашање 3.3</u>** – Од вкупно 81 родител во однос на ова тврдење 81,5% (66 родители) одговориле дека целосно се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците, 13,6% (11 родители) се согласуваат или чувствуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците. Само 3,7% (3 родители) не се согласуваат со ова тврдење. Нема родители кои целосно не се согласуваат со тврдењето. 1,2% (1 родител) од испитаните родители се изјаснил дека не знае или нема информација во врска со ова тврдење.

**<u>Прашање 3.4</u>** – 70,4% (57 родители) целосно се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците а 19,8% (16 родители) се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците, 7,4% (6 родители) не се согласуваат со тврдењето, а 1,2% (1 родител) целосно не се согласуваат со тврдењето. Само 1,2% (1 родител) се изјаснил дека нема информација или не знаат ништо за ова тврдење.

**<u>Прашање 3.5</u>** – 76,5% (62 родители) челосно се согласуваат дека нивното дете сака да оди на училиште и е подржано;

19,8% ( 16 родители) кои се согласуваат со истото тврдење. 3,7% (3 родители) не се согласуваат, нема родители кои целосно не се

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат дека нивното дете сака да оди на училиште. Ниту еден родител не се изјаснил дека незнаат или нема инфомација.<br><br>**ФОКУС ГРУПА – РОДИТЕЛИ**<br><br>Прашање - Какви информации вообичаено добивате од вашето дете за наставата и другите активности во училиштето? Колку детето е задоволно со училиштето? Колку сака да оди на училиште?<br><br>Родителите во голема мера се изјаснија дека нивните деца имаат голема желба да го посетуваат училиштето, таму се чувствуваат пријатно и често споделуваат со своите родители за настаните кои го одбележале училишниот ден.<br><br>Прашање - Колку сте задоволни од грижата за општата добросостојба на вашето дете во училиштето? Има ли можност да се обрати некому кога има проблем? Колку често се случуваат различни видови насилство во училиштето и како училиштето се справува со истите?<br><br>Генералниот став на родителите дека се задоволни од грижата за општата добросостојба на нивното дете во училиштето. Децата имаат можност да се обрати кај одделенскиот наставник, стручната служба или раководството доколку има проблем. Според нашите сознанија, појавите на насилство се ретки, а училиштето навремено реагира и презема соодветни мерки за нивно решавање<br><br>**<u>Прашање 3.4</u>** – 58,8% (30 ученици) целосно се согласуваат со тврдењето дека сакаат да одат на училиште. 29,4% (15 ученици) се согласуваат со тврдењето. 3,9% (2 ученици) не се согласуваат, 2% (1 ученик) целосно не се согласуваат, додека 5,9% (3 ученика) се изјасниле дека немаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | информација/не знаат.<br><br>**<u>Прашање 3.5</u>** – 66,7% (34 ученици) целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми. 21,6%(11 ученици) се согласуваат. 2% (1 ученик) од учениците не се согласуваат со тврдењето.<br><br>5,9% (3 ученици) целосно не се согласуваат со тврдењето, додека 3,9% (2 ученика) не знаат/не се согласуваат.<br><br>**ФОКУС ГРУПА – УЧЕНИЦИ**<br><br>Прашање: Генерално, колку во училиште се чувствувате сигурно и безбедно?Колку се почитуваат вашите права како деца/ученици? Колку учениците ги почитуваат своите обврски? Колку ги почитуваат правилата воспоставени во училиштето? (Дали учениците се вклучени во поставување на правилата?) Дали има насилство (физичко, психолошко, сајбер) помеѓу учениците, или од страна на наставниците? Како се решаваат случаите на насилство? Имате ли каде да се обратите доколку имате проблем, се чувствувате лути, тажни, исплашени или сл.? Како вообичаено постапувате во вакви случаи?<br><br>Ставот на учениците од фокус групата во однос на ова прашање е дека се чувствуваат потполно сигурно бидејќи атмосферата во училиштето е мирна. Сметаат дека нивните права се почитуваат, а наставниците го сослушуваат нивното мислење кога имаат нешто да кажат. Исто така нивните права како ученици главно се почитуваат во секојдневната комуникација, а наставниците најчесто покажуваат разбирање и го сослушуваат нивното мислење. Во однос на обврските повеќето од учениците редовно ги извршуваат своите задачи, но сепак постојат поединци кои често ги прекршуваат правилата. Насилство во училиштето постои во одредена мера, при што најчесто се забележуваат форми на психолошко и сајбер насилство меѓу самите ученици, додека физичките пресметки или несоодветното однесување од страна на наставниците се случуваат навистина многу ретко. Кога ќе се појават вакви случаи на насилство, тие вообичаено се решаваат преку разговор со класните |

| | | |
|---|---|---|
| | | раководители и со вклучување на педагошко-психолошката служба на училиштето. Доколку имаме некаков проблем, секогаш имаме каде да се обратиме. Вообичаените начини на постапување во такви ситуации е најпрво да се разговара со родителите, а потоа помош и поддршка да се побара од класниот раководител, стручната служба. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | **ДОБРО**<br><br>Училишниот живот во голема мера може да се опише како средина во која постои заемно почитување и вклученост на сите учесници во активностите на училиштето. Соработката помеѓу вработените главно се карактеризира како професионална и поддржувачка. Наставниот кадар, раководниот кадар и останатите вработени се трудат да придонесот до одржување на позитивна атмосфера во училиштето. Учениците се секогаш упатени да покажат грижа и емпатија едни кон други. Училиштето се стреми да создаде безбедна средина за учење каде закани, провокации, навреди и негативни коментари не се добредојдени. Учениците се мотивирани да поставуваат повисоки цели од средината за учење.<br><br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ:**<br><br>**Прашање 3.3** –од вкупно 30 наставници, 83,3% (25 наставници) целосно се согласуваат дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка, а 13,3% (4 наставници) се согласуваат со истото тврдење. 3,3 %(1 наставник) не се согласуваат и нема наставници кои целосно не се согласуваат/немаат информација.<br><br>**Прашање 3.4** – 80% (24 наставници) целосно се согласуваат дека за време на часовите има пријатна работна атмосфера, 20% (6 наставници) се согласуваат. Ниту еден наставник не се изјаснил дека не се согласува или целосно не се согласува/немаат информација или не знаат.<br><br>**Прашање 3.5** - 90% (27 наставници) кои го одговориле прашалникот целосно се согласуваат дека добро соработуваат со колегите во училиштето, а 10% ( 3 наставници) се согласуваат. Ниту еден наставник |

| | | |
|---|---|---|
| | | не се изјаснил дека не се согласува или целосно не се согласува/немаат информација или не знаат.<br><br>**ФОКУС ГРУПА – НАСТАВЕН КАДАР**<br><br>Прашање - Како ја проценувате генералната клима во училиштето? Колку различните чинители во училиштето меѓусебно соработуваат? Можете ли да наведете примери на добра соработка? Постојат ли случаи на закани, провокации, навреди (помеѓу воспитно-образовниот кадар, учениците, раководството)? Како се постапува по истите?<br><br>Генералниот став на наставниците вклучени во фокус групата во однос на ова прашање е дека постои добра училишна клима која се карактеризира со соработка и почит помеѓу вработените. Сепак повремено постојат случаи или ситуации кои наметнуваат потреба од консултација, заеднички разговори како би се решиле конфликтите и насоки за подобрување на соработката помеѓу вработените. Кога ќе се случат некои навреди, провокации тогаш се вклучуваат наставниците, стручната служба и преку разговори, меѓу ученички работилници се разрешуваат со цел да се контролираат, да ги исфрлат своите проблеми и фрустрации преку техники каде што нема да ги повредат туку ќе им помогнат.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:**<br><br>**<u>Прашање 3.3</u>** – Во однос на ова тврдење 81,5% (66 родители) одговориле дека целосно се согласуваат со истото. 13,6% (11 родители) се согласуваат или чувствуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците. Само 3,7% (3 родители) не се согласуваат со ова тврдење. Нема родител кој целосно не се согласува со тврдењето. 1,2% (1 родител) не знае или нема информација во врска со ова тврдење.<br><br>**<u>Прашање 3.4</u>** – 70,4% (57 родители) целосно се согласуваат, а 19,8% (16 родители) се согласуваат дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците, 7,4 % (6 родители) не се согласуваат со тврдењето, а 1,2% |

| | | |
|---|---|---|
| | | (1 родител) целосно не се согласуваат со тврдењето. Само 1,2% (1 родител) се изјасниле дека немаат информација или не знаат ништо во врска со ова тврдење.<br><br>**<u>Прашање 3.5</u>** – 76,5% (62 родители) целосно се согласуваат дека нивното дете сака да оди на училиште и е поддржано, 19,8% (16 родители) кои се согласуваат со истото тврдење. 3,7% (3 родители) не се согласуваат, нема родители кои целосно не се согласуваат дека нивното дете сака да оди на училиште. Ниту еден родител не се изјаснил дека нема информација или не знае дали неговото дете не сака да оди на училиште.<br><br>**ФОКУС ГРУПА – РОДИТЕЛИ**<br><br>Прашање - Какви информации вообичаено добивате од вашето дете за наставата и другите активности во училиштето? Колку детето е задоволно со училиштето? Колку сака да оди на училиште?Родителите во голема мера се изјаснија дека нивните деца имаат голема желба да го посетуваат училиштето, таму се чувствуваат пријатно и често споделуваат со своите родители за настаните кои го одбележале училишниот ден.<br><br>Прашање - Колку сте задоволни од грижата за општата добросостојба на вашето дете во училиштето? Има ли можност да се обрати некому кога има проблем? Колку често се случуваат различни видови насилство во училиштето и како училиштето се справува со истите?<br><br>Родителите се изјаснија дека освен помали недоразбирања и несогласувања помеѓу учениците за сега не биле сведоци на посериозни проблеми. Истовремено истакнаа дека нивните деца се чувствуваат безбедно на училиште и во секое време може да се обратат кај некој од наставниците или стручната служба.<br><br>**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ:**<br><br>**<u>Прашање 3.1</u>** – Од вкупно 51 испитан ученик 80,4% (41 ученик) целосно се согласуваат со тврдењето дека се чувствуваат безбедно на училиште, со истото тврдење 9,8% (5 ученици) се согласуваат, нема ученик кој не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласува, а 7,8%(4 ученици) целосно не се согласуваат. 2% (1 ученик) се изјаснил дека не знае или нема информација.<br><br>**<u>Прашање 3.2</u>** –68,6% (35 ученици) целосно се согласуваат со тврдењето дека се прифатени од другите ученици. 17,6% (9 ученици) се согласуваат. 7,8% (4 ученици) не се согласуваат, а 2% (1 ученик) целосно не се согласуваат. 3,9% (2 ученици) се изјасниле дека не знаат или немаат информација.<br><br>**<u>Прашање 3.3</u>** – Во однос на ова тврдење, 80,4% (41 ученик) од учениците целосно се согласуваат со тврдењето дека се чувствуваат прифатено од наставниците. 15,7% (8 ученици) се согласуваат. Нема ученик кој не се согласуваат, 2% (1 ученик) целосно не се согласуваат, а само 2% (1 ученик) не знаат / немаат информација.<br><br>**<u>Прашање 3.4</u>** – 58,8% (30 ученици) целосно се согласуваат со тврдењето дека сакаат да одат на училиште. 29,4% (15 ученици) се согласуваат со тврдењето. 3,9% (2 ученици) не се согласуваат, 2% (1 ученик) целосно не се согласуваат, додека 5.9% (3 ученици) се изјасниле дека немаат информација или не знаат.<br><br>**<u>Прашање 3.5</u>** – 68,7% (34 ученици) целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми. 21,6% (11 ученици)се согласуваат. 2% (1 ученик) од учениците не се согласуваат со тврдењето.<br><br>5,9% (3 ученици) целосно не се согласуваат со тврдењето, додека 3,9% (2 ученици) не знаат/немаат информација.<br><br>**ФОКУС ГРУПА – УЧЕНИЦИ**<br><br>Прашање: Генерално, колку во училиште се чувствувате сигурно и безбедно? Колку се почитуваат вашите права како деца/ученици? Колку учениците ги почитуваат своите обврски? Колку ги почитуваат правилата воспоставени во училиштето? (Дали учениците се вклучени во поставување на правилата?) Дали има насилство (физичко, психолошко, |

| | | |
|---|---|---|
| | | сајбер) помеѓу учениците, или од страна на наставниците? Како се решаваат случаите на насилство? Имате ли каде да се обратите доколку имате проблем, се чувствувате лути, тажни, ислашени  или сл? Како вообичаено постапувате во вакви случаи?<br><br>Ставот на учениците од фокус групата во однос на ова прашање е дека се чувствуваат безбедно и сигурно во училиште и во секое време знаат на кого можат да се обратат за помош од редот на вработените во училиштето. Истовремено сметаат дека бројните работилници на тема врсничко насилство допринесуваат да учениците внимаваат како се однесуваат и отворено зборуваат за малите несогласувања од кои биле дел. |
